## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Петтото продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по 128-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велиу, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 8 - Предлог на изборен законик.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 84 за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски,Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Пријавен за дискусија е пријавен господинот Мавровски Спиро.

Господинот Мавровски не е тука.

Господинот Оровчанец Ѓорѓи не е тука.

Флоровски Александар Не е тука.

Караџоски Жарко не е тука.

Трендафилов Ѓорѓи не е тука.

Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Молама, службите да ме информираат колку до сега има пријавено пратеници.

(Службите го информираат за бројот на пратениците).

Со оглед на тоа што има дел од пратениците кои се на прием со делегација, а дел се на седница на Комисија, пауза до 11,30 часот.

Продолжуваме во 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,34 часот).

Молам, службите да го утврдат бројот на пратеници.

Молам, сите седнете на своите места да го утврдиме точниот број.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници)

Благодарам.

Продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 53 пратеници, 7 гласале за, 2 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 86 поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владада да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратенинкот Михајловски Јордан.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван потпретседателе, почитувана министерке,

Целта на овој амандман е правото на надоместок на трошоци за избори, што ги прават организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани кандидат за претседател, кандидати за пратеници, членови на совет, односно кандидат за градоначалник, висината од 15 денари, да се зголеми на 30 денари, што сметаме дека е висина во рамките на некои реални трошоци што се прават за изборите.

Тоа беше мотивот да го предложиме овој амандман.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 51, за гласале 4, воздржани нема, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 89 за додавање нова алинеја по алинеја 6, поднесен од пратеникот Никола Апостолоски.

Го молам претставникот на Владада да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратенинкот Апостоловски Никола.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе,

Амандманот го поднесов со цел да не се оневозможи контрола на гласачкото тело од страна на политичките парти, односно да се гласа со различни моливи или со разни фломастери, со што може да се контролира гласачкото тело. Затоа барав со амандманот да се унифицира средството за гласање, односно предлагам унифициран хемиски молив што ќе го определи и Државната изборна комисија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, 53 гласале, 6 за, 3, воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 1 за додавање нова алилнеја по алинеја 7, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска.

**Мери Млалденовска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратенинкот Михајловски Јордан.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Со оглед на тоа дека и колегата Никола Апостоловски, поднесе истоветен амандман а не беше прифатен, амандманот го повлелкуваме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 92 став 4, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владада да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратенинкот Михајловски Јордан.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Целта на овој амандман е во четвртио став на членот 92, ако присутните претставници на подносителите на листи имаат забелешки за предавањето на изборниот материјал, тие имаат право да им се овозможи, ние предлагаме задолжително да бидат евидентирани во записникот и тоа да биде основа во постапката за заштита на избирачкото право. Што значи ја укинуваме условноста, предлагаме тоа да биде облигаторно. Тоа е целта на амандманот, задолжително забелешките да се запишат во записникот, а не ќе имаат право или ќе им се овозможи. Тоа делува условно.

Тоа е целта на амандманот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, гласале 54, за гласале 6, воздржани нема, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 94 за додавање нов став 3-а по ставот 3 поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратенинкот Апостоловски Никола.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе.

Би ги замолил колегите малку за внимание, бидејќи овој амандман што го предлагам може да придонесе да нема проблеми при чинот на гласање, а со тоа да нема проблеми и при утврдувањето на резултатите, односно амандманот е од чисто техничка причина.

Во членот 94, во точката 3 предлагам да има нов став 3-а, кој би гласел: "Кога едновремено се гласа за повеќе листи, гласачките ливчиња од целата страна се во боја, а таа мора да се разликува одделно за секоја листа, изборна единица, општина и град Скопје".

Што сакаме со овој амандман да постигнеме?

Сакам , најверојатно во 2009 година, ќе имаме истовремено и локални избори и претседателски избори, ќе се гласа со три ливчиња, за совети и за градоначалници и за претседател на државата. Да не дојде до мешање на гласачкиот материјал што на крајот би резултирало при утврдување на резултатите, претставниците на листите да имаат забелешки и да не ги признаваат резултатите, да

пишуваат забелешки во изештаите. За тоа да не се случи, значи да се овозможи регуларен изборен процес и да ги отстраниме сите сомнежи и можности за приговори од овластените посматрачи, го предлагам овој амандман. Ова може да го направи и Државната изборна комисија, но јас мислам дека треба во Законот да стои, да ја обврзиеме Државната изборна комисија гласачкиот материјал да биде во различна боја кога имаме различни листи за гласање. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 54, од нив 13 за амандманот, 3 се воздржани, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 97 став 3 поднесен од пратениците од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда господин Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратенинкот Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас не ни очекував амандманот да се прифати, но не заради колегите, заради тоа што колегите пред себе ги имаат и Предлог на изборниот законик и амандманите, туку заради јавноста, јас ќе ја кажам суштината на предложениот амандман на член 98 во став 3, се предлага точката на крајот на реченицата да се брише и да се додадат зборовите "и знамето на Република Македонија". Од која причина го предлагаме ова?

Во првичниот предлог на изборен законик, во членот 97, во точката 3 стоеше дека во називот на гласачко ливче содржано е знамето на Република Македонија. Ние предлагаме повторно овој став, односно членот 97, став 3, точка 3 да се дополни и да гласи дека во називот на гласачкото ливче за избор на членови на Советот го содржи името на општината, односно градот Скопје, за кои се врши изборот и знамето на Република Македонија, заради тоа што градоначалникот, советот на единица на локална самоуправа се врши во државата Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници гласале 57 пратеници, 8 за амандманот, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 3 поднесен од пратениците од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда господин Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратенинкот Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам господине потпретседателе.

И за овој амандман што се однесува на членот 98, во ставот 3, точката на крајот од реченицата се брише, се додаваат зборовите"и знамето на Република Македонија". Образложението за претходниот член се однесува и за овој член и не би сакала да го повторувам. Но, би ги замолила пратениците да размислат каде се одржуваат изборите, односно за кои избори и во која држава се однесува изборниот законик и каде се одржуваат изборите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Не можеме да преминеме на гласање, бидејќи недостасува еден пратеник.

Благодарам.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 56 пратеници, 7 за амандманот, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 100 став 4 поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда господин Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратенинкот Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот XX се однесува на членот 100, во ставот 4, предлагаме зборовите "им овозможи да

бидат евидентирани", се заменуваат со зборовите "да ги евидентира, запише".

Од кои побуди ова го правиме, од тие побуди што амандманот се однесува на облигаторно внесување на забелешките од овластени претставници во записниците, заради тоа што само такви или како такви забелешки би можеле да бидат основ за поведување на приговори и жалби.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање имавме 62 пратеници присутни во салата, гласале 58 пратеници, 8 пратеници гласале за, нема воздржани и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 1, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседател.

Следните три амандмани ги поднесов со цел да се дорегулира членот 102, односно обезбедувањето на гласачкото место и предлагам во ставот 1 бројот и зборот "19,00 часот" да се замени со зборовите "до предавањето на целокупниот изборен материјал на општинската изборна комисија", односно ова го барам со цел после сумирањето на резултатите целокупниот изборен материјал да се достави до Општинската изборна комисија, односно да се обезбеди од полицијата. Ова е логично решение бидејќи полицијата е присутна на избирачкото место до сумирањето на резулатите од изборите и заедно, по завршувањето на сумирањето на резултатите, и полицијата и избирачкиот одбор заедно го напушта избирачкото место. Тука е и логиката на овој амандман, па затоа го предлагам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање имавме 62 пратеници присутни во салата, гласале 56 пратеници, 14 пратеници гласале за, нема воздржани и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 102 за додавање нов став 1-а, по ставот 1, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе.

Со овој амандман предлагам да се додаде нов став 1 после ставот 1, кој гласи: "Полицијата го обезбедува гласачкото место еден ден пред денот на гласањето од моментот на оставањето на изборниот материјал во просторијата за гласање". Се поставува прашањето ако нема полиција од моментот на пристигнувањето на гласачкиот материјал на изборното место ден пред изборите кој ќе го обезбеди гласачкиот материјал, што би се случило ако гласачкиот материјал на денот на изборите го нема, ниту има можност Државната изборна комисија да отпечати нов материјал заради временскиот теснец. Од тие причини предлагам полицијата да го обезбедува гласачкото место од моментот на пристигнување на гласачкиот материјал на гласачкото место. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпаретседателе,

И претходниот амандман и овој амандман се однесува на полицијата и обезбедување на гласачкото место. Конкретно со овој амандман колегата бара и предлага да го обезбедува полицијата гласачкото место еден ден пред денот на гласање од моментот на оставање на изборниот материјал во просторијата на гласање.

Сега само да ве потсетам почитувани колеги и почитуван колега Никола Апостоловски, ние имавме локални избори, мислам дека во Охрид се случуваше дејствието кога поради закана со бомба во одредено избирачко место беше тргнат избирачкиот одбор, се прекина гласањето и после сите тие фестивали што се случуваа таму во избирачкиот одбор, цело време имаше присуство на полицијата. Знаеме како завршија изборите во Охрид, сега зборувам за локалните избори и правам споредба со она што би се случило на

идните локални избори, претседателски и парламентарни избори. Значи не секогаш учеството на полицијата е гаранција дека определено законско дејствие ќе биде направено така како што треба да биде.

Уште еднаш ќе повторам, треба внимателно да се размисли дали и полицијата секогаш и секаде треба да биде присутна, ако го гледаме тоа во конттекст на фер и демократски избори да не се претвориме во тоталитарност, значи да отидеме во другата крајност, а имајќи го предвид искуството како што наведов на последните локални избори и во градот Охрид. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Молам пратениците да влезат во салата.

Молам, уште еден пратеник да влезе во салата.

Заради овие пратеници кои се постојано во салата и кои што гласаат, би било редно еднаш да се објават сите оние кои се пријавуваат и земаат дневници, а не влегуваат внатре. 87 пратеници имаме денес пријавени за дневници. Би било добро и тие кои водат многу грижа против корупцијата, да дојдат, да влезат во салата, иако се потпишуваат.

(Во салата влегуваат пратеници).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање имавме 62 пратеници присутни во салата, гласале 54 пратеници, 11 пратеници гласале за, 1 воздржан и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 3, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе.

Амандманот го повлекувам бидејќи станува безпредметен, со оглед дека не се усвои амандманот на член 102 точка 1.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 103 ставови 2 и 4, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Станковска.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам.

Членот 103 се однесува на надлежност на избирачкиот одбор за време на гласањето. Во ставот 2 се предлага избирачкиот одбор да може да го отстрани секое лице кое го нарушува редот и мирот на гласачкото место.

Ние во овој став предлагаме пред зборовите "избирачкиот одбор" да стои "претседателот" и "не може" туку е должен да им го обезбеди основното граѓанско право и уставно право, нормално, да гласаат на избори, да ги отстрани лицата кои го попречуваат тоа право.

Исто така, и во ставот 4, со кој се предлага дека избирачкиот одбор може да побара помош од полицијата за воспоставување на ред на гласачкото место, ние сметаме дека тоа е обврска и затоа предлагаме пред избирачкиот одбор да стои претседателот и не може, туку е должен да побара помош од полицијата за воспоставување на ред на гласачкото место. Инаку ако може а не сака, членот и ставовите во членот 103 даваат таква можност, како и во што ќе ги претвориме избирачките места.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање имавме 64 пратеници присутни во салата, гласале 54 пратеници, 2 пратеници гласале за, 1 воздржани и 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пред да преминеме на следниот амандман, сакам да ве известам дека ќе работиме до 13,00 часот. Од 13,00 часот по барање на Пратеничката група ВМРО-Народна партија ќе имаме пауза која ќе ја споиме со паузата за ручек до 15,00 часот.

Отворам претрес по амандманот на член 105 став 2, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Станковска.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодрам.

Сличен амандман имавме на еден друг член кој не беше прифатен и затоа овој амандман го повлекувам. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Јас се извинувам, но сепак амандманот ќе мораме да го ставиме на гласање, со оглед на тоа што господинот Тито Петковски и Иван Анастасовски не се присутни, иако имаат поднесено амандмани. Пратеникот Јордан е тука.

Овој амандман ќе го ставиме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање имавме 64 пратеници присутни во салата, гласале 49 пратеници, 2 пратеници гласале за, нема воздржани и 47 против.

Го прифаќам укажувањето на секретарот дека може и еден во името на предлагачите да го повлече амандманот, но сега веќе повеќе изгласавме.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Госпоѓо Станковска, баравте процедурално? Повелете.

Има збор госпоѓа Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Ви благодарам потпретседателе.

Јас ја почитувам процедурата, но дали во овој случај, дали во случајот на колегата Јордан Михајловски вие ја повредите процедурата, тоа го кажавте, но добро е секогаш да се држите до процедурата. Ја почитувам и сакам да ја почитуваат сите.

**Слободан Најдовски:** Во ред госпоѓо Станковска, го пррифаќам укажувањето, но факт е дека дваца од подносителите не се присутни цело време додека се расправа за амандманите. Го прифаќам укажувањето.

Отворам претрес по амандманот на член 109 за додавање нов став 2-а по ставот 2 поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Станковска. Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска.** Благодарам потпретседателе.

Предлагаме во членот 109 по ставот 2 да се додаде нов став 2-а кој гласи: "Државната изборна комисија ги пропишува формата, големината, текстот на печатите од член 109 став 2 и член 110", определување Државната изборна комисија да ги определува формата, големината и текстот на печатите од член 109 став 2 и член 110 е во функција на еднообразност на печатите кои ќе бидат употребувани од избирачките одбори. Сметаме дка овој амандман и оваа интервенција во Законот е во функција на порегуларни и подобри избори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање имавме 64 пратеници присутни во салата, гласале 55 пратеници, 6 пратеници гласале за, нема воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 110 став 1, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Амандманот го повлекувам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 113-а по членот 113 поднесен од пратениците: Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Амандманот 75 или амандманот 26 од пратеничката група на ВМРО-Народна партија се однесува на членот 113 со тоа што имаме додавање на нов член 113-а.

Членот 113-а гласи:

"За внатрешно раселените лица изборите ги спроведува посебен избирачки одбор во центрите во кои се сместени". Сега, сето ова би било во ред доколку во овие 4 годин, како што кажавме и како што се зборува цело време во Парламентот, македонската Влада ги разреши сите проблеми и дилеми во однос на раселените лица според Охридскиот договор. Но, за жал, еве и овој наш амандман покажува, не само амандманот, туку лицата кои во Република Македонија во моментот опстојуваат и сеуште ја носат титулата раселени лица, за жал, се составен дел од гласачите на Република Македонија се дел од она што требаше да биде можеби прво спроведување на Рамковниот договор т.е. до сега требаше тие ситуации да бидат разрешени и во моментот раселени лица во Република Македонија апсолутно не требаше да постојат. Но, сеуште ги имаме прифатните центри, сето тоа би било во ред до колку се случуваат во однос на некои природни непогоди или ситуации кои Владата не може да ги избегне затоа што тоа е дел од природата. Но, во ситуација кога овие граѓани на Република Македонија до сега требаше да најдат и да бидат згрижени во местата од каде доаѓаат, да бидат направени нивните куќи, да бидат вратени во сопствените живеалишта, сето тоа, за жал, не успеавте да го направите и тие сеуште се водат како раселени лица.

И во претходните години при секои избори се појавуваа проблеми токму тука и тие гласачки листови или она што требаше да биде гласање на овие раселени лица се сведуваше на две ситуации дека истите можат да гласаат и во местото на живеење и во местото каде што се привремено сместени. Овие привремено сместувачки центри, барем мене лично ми се доста познати, некои од нив егзистираа и дваесетина години од далечната 1950 година, од 60-тите години егзистираа повеќе од 20 години како прифатни центри и такви станаа составен дел од урбаната средина во многу градови во Република Македонија, затоа моето предупредување уште 2001, 2002 година, посебно оние закони и она што тука ги носевме за Охридскиот договор кога бевте толку бучни во однос на она што треба да се прифати, во однос на тоа што е соживот, во однос на тоа што е одговорност на Владата на Република Македонија и кон домашниот и кон странскиот фактор, но заборавивте само една ситуација, сега говориме дека се е тоа средено, дека се е тоа регулирано, но сега ни излегуваат избирачки списоци за внатрешно раселени лица. Значи, тоа не сте го решиле, тоа беше основната точка и појдовен договор во Охридскиот договор за кој вие имате одговорност како Влада, но, за жал, сеуште ништо не сте направиле.

Цело време имаме препукувања, обвинувања на граѓаните дека не сакаат да се вратат таму од каде што дошле затоа што таму се создадени сигурни извори и безбедни услови за живеење, но од друга страна секојдневно добиваме некои извештаи дека куќата на некој што бил раселен е веќе запалена, куќата на другиот е разурната, па си играле деца, па Министерството за внатрешни работи апсолутно не може да пронајде кои се тие пиромани кои го прават сето тоа, кој е тој што ги разрушува домовите и штонаправило Министерството за внатрешни работи, а и Министерството за правда овие луѓе да ги врати на родните огништа и тука да можат да го остварат своето право за гласање. Тоа сигурно не ќе можете да го направите ниту овој пат значи и после 5 години повторно раселените лица се еден дел кој е надвор од овие избирачки списоци, надвор од она што значи општинска организација или единица на локална самоуправа во која тие не можат да се најдат и моментално ќе треба општината Куманово или другите општини каде има раселени лица да носат посебни закони и да се формира посебен избирачки одбор во центрите во кои тие ќе треба да гласаат. Затоа што и нивната доверба кон оваа Влада сигурно дека е веќе крајно нарушена и мора да се најде решение после кое овие раселени лица ќе бидат во рамноправна ситуација со останатите граѓани на Република Македонија да гласаат и да донесат свој суд за она што се програми на политичките партии и она што треба да значи фер и демократско гласање.

Мислам дека основниот предуслов со тоа што го предлагаме овој амандман не е исполнет, значи не е исполнет ниту Охридскиот договор и ова е еден начин да се помогне на тие граѓани да почувствуваат дека имаат доверба во некој избирачкиодбор кој ќе биде лично со нив и заедно со нив ќе го изврши гласањето.

Мислам дека амандманот после она што не сте го направиле како Влада требаше да го прифатите затоа што одговорноста е на Владата, а вие сте претставници на Владата во овој Парламент и мислам дека тука не смееше да има дилема, се надевам дека таа дилема нема да ја има кај пратениците од позицијата и дека овој амандман ќе биде прифатен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Славица Станковска.

**Славица Станковска**: Ви благодарам потпретседателе.

Како земја кандидат за Европската унија нормално е да се стремиме да го хармонизираме нашето законодавство со европското законодавство, а како што знаеме сите во европското законодавство терминот "внатрешно раселени лица" не постои. Но, за жал, кај нас иако со такви амбиции сеуште, колегата пред мене спомна, имаме таква категорија на граѓани која не е третирана ниту пак на некој начин е опфатена со законот кој е пред нас.

Затоа, за жал, постојат и прифатни центри, постојат и внатрешно раселени лица, тие немаат можност своето избирачко право да го остварат

на местото на своето живеалиште, затоа треба да им се овозможи и тие да бидат дел од изборниот процес и да си го остварат сопственото право.

Од тие причини јас ќе го подржам овој амандман. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Добро, овој амандман го предлагаме од проста причина за да имаме 110% на регуларни избори како што бараат и европјаните и сите тие кои се загрижени многу за нас, но притоа, за жал, нивната помош не може да дојде до израз, а таа фактички ја нема, говорам за европјаните, а и нашата Влада Господ да ни ја поживее не направи ништо во врска со овој проблем кој е актуелен.

Значи, овој амандман е класичен политички од едноставна причина што во Република Македонија и после петгодишна пауза, од завршување на конфликтот, ако можеме така да го наречеме, за жал, сеуште немаме дефиниција дали беше војна, а според мене беше војна, татковинска, за одбрана на татковината, не се најде за сходно од нашата виспрена Влада луѓето кои се "привремено раселени" да се вратат на своите родни огништа. Такви случаеви имаме со случајот во Арачиново, во Матејче, тие се собрани во собирни центри како "Кристал"-Куманово, "Ку-Ба"-Куманово, можеби има и други, точната бројка, за жал, никој не ни ја соопштил, а прашање е дали воопшто некој ја знае точната бројка на раселени македонци и срби, нормално на овој потег каде биле најжестоки воените дејствија.

Во членот 113 во сите 6 точки јас не успеав да видам каде овие раселени луѓе "привремено" сметам дека тешко ќе се вратат на родните огништа од причини кои ни се општопознати никаде немате нотирано каде тие луѓе ќе гласаат. Да се вратат да гласаат таму каде живеат прво немаат услови, второ постојат оправдани причини зошто тие луѓе таму не се враќаат, затоа предлагаме господа пратеници (галама во салата, па пратеникот Флоровски го опоменува потпретседателот да преземе мерки).

Ајде тоа ѕвонче малку нека поработи или клопотарец да земете подобро ќе биде.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски ќе проработи, но треба сите да го слушаат.

**Александар Флоровски:** Вие сте потпретседател, вие треба да создадете ред, јас сум обичен пратеник како секој овде, но вие имате титулар, ние сме пратеници, вие сте потпретседател, сепак сте за едно скалило над нас и физички.

Значи, штом луѓето не можат да се вратат да гласаат на родните огништа, случаите ги спомнав, Арачиново, Матејче, претпоставувам дека има и други места, за жал, точната бројка јас не ја знам, претпоставувам дека и вие не ја знаете, не се направија напори од оваа Влада и покрај она што јавносе декларира дека Рамковниот договор целосно се спроведува, очигледно дека не е така.

Владата се поставува за едни мајка, за други маќеа, маќеа за сопствениот народ, а мајка за сите останати.

Од тие причини предлагаме едно логично решение после членот 113 да се додаде член 113-а кој гласи, претпоставувам дека ги имате амандманите пред вас од ВМРО-Народна партија, за внатрешно раселените лица изборите ги спроведува посебен избирачки одбор во центрите во кои се сместени. Кажав зошто. Поради неможноста да се вратат онаму каде треба да гласаат, за жал, таквата работа нема да се спроведе, флоскулата која заживеа во овој Парламент за некаков си соживот апсолутно не држи, но една друга работа ме загрижува што Владата не најде за сходно да направи никакви напори или да ги направи тие напори беа толку јалови, неуспешни, што не ни гарантираше безбедност на внатрешно раселените лица да се вратат таму од каде беа истерани. Значи, беа насилно истерани.

Во тој контекст и покрај сите пофалби од европјаните кои ги добиваме секојдневно околу спроведувањето на Рамковниот договор очигледно дека работите не стојат баш така, а леснотијата со која ги избришавте овде во членот 113 исто така посебно ме загрижува затоа што претпоставувам дека и бројката на раселени не е толку мала за да биде занемарувачка, едноставно да се отфрли, претпоставувам дека таа бројка е многу поголема од она што реално се претставува, а, за жал, никој не знае која е точната бројка на тие раселени лица.

Значи, не им се овозможени домови, немаат пристап до родните огништа, едноставно стануваат персона-нон-грата таму каде се родени, таму каде се родени нивните татковци, дедовци и т.н., некои други станаа сајбии, домаќини на нивните домови.

Затоа реков дека е ова политички проблем, помалку е правен, но бидејќи сакаме да спроведеме едни нормални и демократски избори, јас реков ќе бидам задоволен и ако 90% се одржат во една нормална атмосфера, но со вакви фалични решенија макар да се работело и за еден граѓанин ќе треба да се најде соодветно место ако нема можност да гласа во матичното место таму каде живее или каде му е живеалиштето, макар и за еден да се работело, а верувам дека се работи за преку 1500 до 2000 луѓе, можеби и повеќе, никој точната бројка не ни ја соопшти, не можам да калкулирам со бројки, но и за еден да се работело мора да му овозможите она што значи негово граѓанско право да отиде човекот во недела, да се дотера и да гласа. Гласањето мора да биде свечен чин, а не едноставно што викаат на уриет, набрзина да се тераат работите.

Значи, како во секоја нормална држава гласањето треба да претставува свечен чин, сабајле да станеме и да отидеме да заокружиме и да се

вратиме и после 19,00 часот да ги следиме резултатите.

Таква работа вие во членот 113 не овозможивте, од кои причини, не знам, но поаѓајќи од она македонската "турни ме да кинисам" мислам дека со таа практика не само што треба да престанете, туку треба и да ја заборавите.

Зошто го велам ова? Можеби на одредено место еден, 10 или 100 гласа можат да одлучуваат и тука повторно она што вчера го кажав ќе ја немате реалната слика. Некои ќе бидат во поголема бројка отколку процентуално изнесуваат. Значи, сакаме да добиеме една вистинска слика на македонскиот Парламент. Процентот на излезени, оние кои доброволно излегле да биде претставен овде во вистинска смисла на зборот онака како што треба во проценти изразено. Тука, на овие 1000, 1500 - 2000 луѓе која бројка не е за занемарување, не им е овозможено воопшто да гласаат и вие едноставно го отфрлате овој амандман притоа поведувајки се само од она што го договарате горе во партиските врхушки, да не кажам во врхушките на македонската Влада.

Значи, не обрнувате темелно внимание и ќе кажам по стоти пат, одговорноста господа ја носите вие прво како Влада, второ позицијата која не е малубројна, 76 пратеника се , мислам дека не се лажам, таа е бројка која ја потпира оваа Влада и не можете вие бегло, едноставно да ги отфрлате работите притоа не водејќи сметка за 2000 гласачи кои имаат право на глас, кои сакаат да гласаат, а не можат да гласаат, според членот 113.

Мислам дека и во самиот закон никаде ги немате инкорпорирано, но тоа ќе го говориме кога ќе заврши амандманската расправа.

Мене ме чуди уште една работа што министерката ќе се појави овде 5 минути и едноставно ќе ја снема. Треба да биде овде да не слушне со сите наши забелешки, да ги прифати или не со логични образложенија, со образложенија кои ќе држат затоа што како што тргнаа работите се прифаќа или не се прифаќа таквиот начин на работа треба да престане овој македонски Парламент поточно во работењето и на вашата Влада и на сите изминати влади до сега.

Значи, многу пати досега барав да давате јасни и децидни одговори на самите амандмани кои ги нудиме, а не овде да ни кажувате дека се прифаќа, или не се прифаќа. Такви одговори јас не прифаќам. И секогаш ќе бидете предмет на оправдана критика кога едноставно и бегло и незаинтересирано би рекол ги отфрлате нашите амандмани за кои вложивме одреден труд како пратеничка група. Овде не сте дојдени на екскурзија, или да не видите, или да бидете видени од нас. Овде сте дојдени господа да одговорите на нашите амандмани, да одговорите на нашите прашања, да одговорите на нашите предизвици кои ги поставуваме спрема вас. А вие си правите муабет, притоа неслушајќи ги амандманите не само од нас, туку од сите пратеници овде без разлика на политичката припадност. Имавме амандмани и од СДСМ и од НСДП и од Либералите, едноставно прифаќаме, или не прифаќаме. Кој е тој одговор? Кој е тој однос спрема граѓаните и спрема нас. Заслуживме барем малку внимание како пратеници. А овие луѓе кои немаат право да гласаат, чија бројка не ја знаеме, претпоставувам дека и вие не ја знаете и никој во државата не ја знае, не им давате за право своето основно демократско право да го исполнат, а тоа е да гласаат за политичката партија за која сметаат дека ја заслужува нивната доверба. Ваков индолентен однос од вас како претставници на Влада се граничи, можам да кажам со безобразлук и максимално понижување на овие 120 пратеника кои се овде. Овде господа не сте дојдени на пикник, овде сте дојдени да работите, а не само да ги уживате благодетите на министерските фотељи. И уште еднаш ќе ве прашам, бројката од 2000 души не е за занемарување. Најдете им го местото таму каде што треба да гласаат. Може и пет гласа да одлучуваат кој ќе биде пратеник, или нема да биде пратеник. Ако не сте способни да си ја вршите својата работа, дајте си оставки, има луѓе кои чекаат, кои ќе ги заземат вашите позиции. Бидете малку самокритични. Непријатно ми е нон стоп да повторувам исти работи и да гледам дека некој притоа си игра со мене петкамци и ме вежба. Цело време не работите овде, прифаќаме, не прифаќаме. Не може ваков однос господа. Не можете така да се однесувате. Ние сме бирани од народот, не сте вие бирани од народот. Не знаеме каде ќе гласаат овие луѓе. Не смеат да се вратат во Матејче, не смеат да се вратат во Арачиново и не знам уште кои места горе. И ние вака ли ќе одиме на избори? Ова ли е македонската демократија? Ова ли е стремежот кон Европа? Па која Европа? Ние сме за Централна Африка. Мојот револт е оправдан, затоа што не обрнувате никакво внимание, прво на нас кои сме небитни во случајов, а битни се гласачите. Ние сме минливи и менливи, но тие остануваат и треба да гласаат. А да не говорам дека и самата Влада крена раце од нив, за жал. Тоа е една фактичка ситуација. Јас немам видено Влада во светот да не води сметка за сопствениот народ. И тука ќе завршам. Еве, потпретседателот да не рече, бегам од темата. Сето ова е во контекст на членот 113. Да се инкорпорира нов член 113-а кој треба да го вградите, а не да си кажувате вицеви и цел ден да си муабетите, бидејќи сте претставници на Влада. Јас и вчера ви кажав, дојдете ќе си ги замениме местата, ќе давам повалидни и поиздржани одговори, иако не сум правник и тет а тет да ги гледам пратениците во очи. Не може вака индолентно да се однесувате.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Само за појаснување. Министерството за правда овде си има свој претставник, тоа е заменик минситерот. Министерката беше присутна од

почеток, со оглед на тоа што изнесовте дека си заминала. На крајот на краиштата не е важно дали тука е присутен министерот, или заменик министерот и двајцата се претставници на Влада. Министерката истовремено ме извести дека заради средба со делегација од странство ќе ја заменува извесно време заменик министерот.

Има збор заменик министерот за правда господинот Субхи Јајупи.

**Субхи Јакупи:** Јас само накратко да кажам дека оваа материја многу добро е изработена во член 193 став 3 и мислам дека за тие раселени лица децидно е кажано дека и досега имале право да гласаат, а и сега исто така ние предвидуваме со овој член да можат да гласаат и никој не може да ги спречи тие лица да не гласаат, туку обезбедени се максимални услови за да можат да гласаат.

Потоа, ставот на Владата е така што прифаќаме, или не прифаќаме. Ако пратениците имаат доволни докази, можат да ги убедат другите и ќе му ги прифатат амандманите, а не само празни зборови да се кажат спрема Владата и спрема претставниците на Владата.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика господинот Флоровски.

**Александар Флоровски:** Членот 193 став 3 за спроведување на гласањето на внатрешно раселените лица Министерството за правда ќе подготви посебни изводи од избирачки списоци врз основа на евиденција од надлежни органи. Овде не стои место на гласање. Каде ќе гласаат тие луѓе? Од таму од каде што се избегани, или растерани, или каде што се привремено сместени? И што се чекаше до сега? Овде немате кажано јасно и децидно каде ќе гласаат. Дел од раселени лица има во "Куба", во "Кристал", овие од Арачиново не знам каде се раселени и каде се сместени? Овде немате таков одговор. Напишете го за да може да прочитаме, за да не влегуваме во вакви полемики. Доставете си владин амандман со кој ќе го потполните членот 193, да имате уште еден член 4 каде што ќе стои она што ние го предлагаме. Еве ви едно логично решение.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика господинот Абдилаќим Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседателе.

До сег ане реплициравме во дискусиите од пратениците на ВМРО-Народна. Но, не можеме да не реплицираме на некои констатации кои пратеникот Флоровски ги искажа од говорницата. Тој во неговата дискусија рече дека им се одзема правото на внатрешно раселените лица за да гласаат, што воопшто не стои и не е вистина, бидејќи ова прашање е регулирано со овој законик со членот 193 каде Министерството за правда и овој законик им го овозможува правото за да гласаат внатрешно раселените лица. Дури што е уште полошо пратеникот злоупотреби и за политички цели и манипулира со истите граѓани. Ова за мене е една катастрофа, да стекнеш политички поени врз несереќата на другите. Не знам колку тие политички поени ќе и придонесат на неговата партија. Тој постави неколку дилеми. Зошто раселените лица не се враќаат во нивните огништа? Министерството за труд и социјална политика излезе неколку пати со податоци дека многумина од раселените лица не се враќаат во нивните огништа, бидејќи ги имаат продадено нивните куќи и имоти. И ова е клучниот проблем зошто овие лица не се враќаат.

**Слободан Најдовски:** Да не ја пренасочуваме расправата.

**Абдилаќим Адеми:** Репликата е во однос на дискусијата на господинот Флоровски, бидејќи тој не говореше за амандманот.

**Слободан Најдовски:** Го опоменав да се врати на амандманот. Повелете.

**Абдилаќим Адеми:** Дури имаше и тешки обвинувања до Владата и претставниците на Министерството за правда. Нивното право е да прифатат, или да не го прифатат амандманот и да дадат, или да не дадат образложение. И овде вие господине потпретседателе требаше да му укажете на пратеникот Флоровски да не се занимава со претставниците од Министерството за правда и да не ги навредува истите. Значи, на ова се однесува и мојата реплика.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас со разбрани луѓе можам да се разберам и со луѓе кои разбираат барем малку македонски што говорам. Добро е да реплицирате, бидејќи цело време молчите и не влегувате во расправата и тоа мене ми импонира колку вие се трудите. Но, да ве прашам? Вие сте претставник на политичка партија или сте портпарол на Владата? Има овде кој да говори, а не да дофрлува од место, ќе кажеш од говорница ако сакаш. Дали сте портпарол на Министерството или на Влдата? Јас таков впечаток добив. Јас ли манипулирам со несреќата на другите, или вие господо дојдовте по насилен пат во овој Парламент по пат на војна? Кој ги истера тие луѓе? Јас ли земав пушка да се борам и да ги бркам Македонците и Србите од липковскиот крај, или вие тоа го правевте? Да ве прашам, од каде информација дека Македонците ги продале сопствените куќи. Вие сте информирани, а Владата не знае. Не прифаќам да ми кажува како јас да разговарам со претставниците на Министерството. Уште еднаш ќе кажам, не си портпарол на Влада. Кога ќе бидеш, тогаш ќе ми кажеш.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници. Кога зборуваме за раселените лица и можноста за остварување на правото на глас од нивна страна постојано се присеќавам на една Декларација која што ја носевнме тука во овој Парламент и каде што дававме обврски за Владата и за

средувањето на состојбите со тие лица. Меѓутоа, очигледно ниту тие обврски се исполнети, ниту пак во овој закон се доследно третирани овие лица. Еднаш беа протерани од своите домови, потоа беа заборавени, а сега се заборавени и со овој Закон.

Во нашиот амандман зборуваме за остварување на правото на глас на лицата кои што беа протерани од своите домови и кои што сега не живеат во местото на своето постојано живеалиште. Значи, живеат во привремени центри и фактички ја имаат истата ситуација во која што се наоѓаат и оние кои што се опфатени со членот 113, а тоа се избирачи кои на денот на гтласањето не се во местото на своето живеалиште.

Во членот 113 како лица кои што не се во местото на своето живеалиште се наведени лицата на отслужување на воениот рок, воена вежба и тие треба да гласаат во својата воена единица, односно во установата, или единицата каде што се наоѓаат. Исто така, избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, исто така не се во местото на своето живеалиште и тие гласаат во казнено поправните установи. Раселените лица Министерството, односно Владата ги заборави во овој закон. Единствено што има наведено во член 193 став 3 е дека за овие лица се прави посебен список врз основа на податоците од надлежните органи. Кои се тие податоци веројатно Министерството за труд и социјална политика кое што се грижи за исхрана и за некои други услови во кои што живеат овие лица и веројатно Министерството за внатрешни работи кое што постојано се занимава со тоа кој ја продал својата куќа и дали таа е продадена сега, или не е продадена и врз основа на тоа да се утврдува статусот дали некој може да го користи статусот раселено лице, или не. Значи, оние лица кои што не се наоѓаат во своето живеалиште треба некој да им овозможи гласање, затоа што во сите одредби на законот е наведено дека гласањето на гласачкото место го спроведува избирачкиот одбор кој што е именуван од страна на општинската изборна комисија за соодветното гласачко место, а за соодветното гласачко место има и извод од единствениот избирачки список на сите гласачи кои што треба да гласаат на тоа избирачко место од кој дел ќе бидат обележани со ѕвездички, а дел не. Јас не знам, дали вие мислите со овие посебни списоци кои што ги наведувате дека сте го решиле прашањето, или пак и каде тие списоци на кој избирачки одбор ќе му ги доставите. Навистина објаснете ми, не знам, правник сум, меѓутоа не можам да прочитам во овој закон буквално никаде каде треба да гласаат, да го остварат своето право овие раселени лица., во местото на своето постојано живеалиште, или во местото на нивното престојувалиште. Затоа што тие престојуваат, тука се нарекуваат привремено раселени, меѓутоа нешто што трае пет години не може да се нарече привремено, туку станува трајно. И затоа, ако не се тие во местото на своето постојано живеалиште, а Владата не определила избирачки одбор кој што треба да го спроведе гласањето на овие лица, а утврдила посебни избирачки списоци за нив, навистина јас се прашувам како ќе се спроведе гласањето. Вие имате посебен избирачки список, тој избирачки список на кои гласаки места ќе го ставите, на сите оние во кои што се водат раселените лица кои што треба да гласаат во местото каде што се наоѓаат сега, или секој поединечно треба да оди, еден во Арачиново, еден во Липково, или Матејче и тн. и таму да го оствари своето право на глас. Или пак дефинитивно јасно и гласно треба да се каже дека Владата кренала раце од овие лица и ги оставила сами на себеси и нивниот статус и проблемите со кои што се соочуваат треба да си ги решаваат сами. Ако е така, тогаш нека излезе тука премиерот и јавно нека го каже. Затоа гласачкото место кое што треба да биде определено кое е треба да има соодветен избирачки одбор кој што треба да го спроведе гласањето на тоа гласачко место. Во која општина ќе биде тоа гласачко место, која општинска изборна комисија ќе го именува тој избирачки одбор? Бидејќи немате предвидено ниту една одредба за избирачки одбор кој што треба да го спроведе гласањето на раселените лица, тогаш пак се враќаме на истото. Значи, ќе го спроведуваат избирачките одбори онаму каде што тие претходно живееле, а се протерани од своите живеалишта. И на тој начин повторно им се оневозможува да го остварат своето право на глас. Затоа она што велите дека е решено, не е решено. Во членот 113, став 4, велите дека за избирачите од ставовите 1 и 2, значи кои што не се во местото на своето живеалиште, изборите ги спроведува избирачкиот одбор од најблиското избирачко место, или посебен избирачки одбор согласно овој законик и упатството на ДИК еден ден пред денот определен за гласање. А за гласањето се известуваат и претставниците на подносителите на листите заради нивно присуство на гласањето.

Ако вие сметате дека со ова сте го решиле во целост ова прашање и дека со овој став 4 од членот 113 определувате можност за сите евентуални случаи, каде што треба посебен избирачки одбор да се направи, тогаш јас навистина го доведувам во прашање концептот или конципираноста на овој закон, затоа што ако е определен посебен избирачки одбор за секое гласачко место и сега велите дека може за секоја ситуација да се формира и друг посебен избирачки одбор врз основа на упатство од Државната изборна комисија, дефинитивно се доведува во прашање нивото на прашањата кои што треба да бидат решени со овој законик и нивото на прашањата кои што треба со упатство да ги решава Државната изборна комисија.

И, повторно се враќаме на онаа дискусија од порано која што се однесуваше на начинот на жребување, дали со Правилник итн, сите оние работи кои што и се дадени како надлежност на

Државната изборна комисија, а која што јас сум сигурен дека нема да има можност да ги реши на начин кој што ќе значи спроведување на фер и демократски избори со целосна доверба од страна на сите учесници на изборниот процес. Не заради тоа што нема да бидат способни лицата кои што ќе бидат таму, туку заради тоа што многу куси рокови дадовте, а од друга страна оставивте многу отворени прашања кои што треба да ги решава самата Државната изборна комисија.

И, на крајот она што велите, посебно ги издвојувате лицата кои се на воен рок, во воена вежба, посебно ги издвојувате лицата кои што се во затвор и во притвор. Меѓутоа, раселените лица ги имате ставено под графата или посебен избирачки одбор согласно упатство на Државната изборна комисија. Дали овие лица не заслужуваат на дециден начин да биде решен начинот на остварувањето на нивното право на глас. Тоа е суштината на овој амандман и мислам дека, навистина, не можам да ја видам причината зошто ова не го прифаќате. Ние велиме посебен избирачки одбор да стои во законот и за раселените лица. Што е тоа проблематично за вас.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Јас мислам дека пратеникот што е еден од членовите кога го подготвувавме овој закон и мислам дека имаше можности и многу нешто е прифатено од сето тоа што е изработено во овој текст и јас му се заблагодарувам на придонесот што го дал, меѓутоа, тој нешто сега спомнува што можеби сака или во јавноста или за само нешто друго како јавноста да слуша дека не се изработени како што треба. Овие лица имаат статус на раселени лица и ова е привремено нешто што понатаму можеби нема да има проблеми и тоа ќе се реши. Затоа, ние изработивме во овој закон на ваков начин, кој има статус на раселени на внатрешни раселени лица ќе гласаат во тие центри каде што се сместени, а тие што немаат статус на раселени лица ќе бидат таму каде што им е последното живеалиште на тие списоци што се наоѓаат. Така што, нема дилеми кој нема да биде во списоците, туку дека ние како предлагачи сметам дека потполно е решен овој проблем, само може политички да се каже пред јавноста нешто друго или маркетинг да се прави, тоа е веќе друго. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи, ќе имаме време од една минута за контра реплика од господинот Стојановски.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Господине министре, сигурно вие знаете дека оние што се вратени во своите домови не се повеќе раселени. Тие си имаат свое постојано живеалиште и ќе си гласаат во местото каде што си живеат. Таму има избирачко место, избирачки одбори и тој ќе го спроведе гласањето.

Меѓутоа, прашањето е за оние кои што не се во своите домови и кои што се протерани од своите домови и не можат да се вратат од најразлични причини, од безбедносни причини, од економски причини, срушени куќи и секакви проблеми кои што ги имаат тие лица. Што со нив? Како тие ќе го остварат своето право на глас. Ние велиме тие сега живеат во привремени престојувалишта, како што вие велите. Тие привремени престојувалишта се знае каде се наоѓаат и треба да имаат посебен избирачки одбор. Тој посебен избирачки одбор да го именува Општинската изборна комисија во местото каде што се наоѓаат тие. Затоа што, треба инаку да гласаат во Липково или во Матејче, а живеат во Куманово. Тоа е нашата цел.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Господине Краљевски дали ќе завршите со вашата дискусија до 13,00 часот, до паузата или ќе се јавите после пауза, како сакате.

Почнете.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски, од вас зависи паузата, мислам поради вашата пратеничка група.

**Чедомир Краљевски:** Добро, тогаш ќе се јавам за дискусија после пауза.

**Слободан Најдовски:** Објавувам пауза до 15,00 часот по барање на пратеничката група на ВМРО Народна партија.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,20 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и во Собранието, претпоставувам дека многу се надвор, сигурно не им се допаѓа куњата на Парламентот.

Господине Кралевски, барате збор? Повелете.

**Чедомир Кралевски:** Се извинувам не видов дека ми дадовте сигнал, благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, за жал во Република Македонија во денешни услови постојат од прв и втор ред од аспект на загорзеноста на нивните човекови права . Со тоа што актуелната власт не успеа во периодот од 2002 година, да им помогне на привремено раселените лица , актуелната власт ги нареди овие граѓани во втора категорија бидејќи она што им го вети на 15 септември 2002 година, не им го исполни. На овие граѓани им е повредено едно основните човекови права, а тоа е правото на слободен избор на живеалиште.

Имено, овие граѓани не по своја вина се најдова во една специфична состојба, состојба суегенерис. Тие беа насилно избркани од своите вековни огништа, се знае од кога беа избркани, државата не создаде услови, оние кои сакаат да се вратат материјално да им помогне и да им овозможи истите да ги обноват своите домови и

да се вратат таму од каде што беа избркани, а пак оние кои имаа психолошка пречка, што јас би ја нарекол страв од враќањето, што ќе ги потсети на жртвите, на разрушувањата што ги доживеаа во 2001 година да се вратат да им го компензираат таму оставениот имот, со тоа што ќе им даде материјална надокнада како компензација и повторно на тој начин ќе им го реши на траен начин нивното прашање на живеалиште и избор на живеалиште. Сега на ваков начин тие луѓе повторно го живеат тој специфичен третман на привремено раселени лица, меѓутоа, од аспект на временскиот период од 2002 година до денеска и од аспект на сеуште непостоечките начини, методи и можности трајно да го решат својот статус од аспект на живеалиште, може оваа категорија на граѓани во Република Македонија да не се нареди ниту во привремено раселени, ниту во трајно определени по живеалиште граѓани.

Токму таа нивна состојба има импликации врз нивното второ би рекол, повредено или загрозено човеково право, а тоа е правото на активно и пасивно избирачко право.

Јас ќе наведам еден пример на компарација, па од тој пример можеби оние што ме следат во дискусијата да стекнат една појасна слика во што се состои загрозеноста на нивното пасивно избирачко право. Во Куманово граѓаните што до 2001 година, живееја во Матејче и некои села од мешовит етнички состав, кои спаѓаат денес во општина Липково се привремено преселени, или раселени во некои прифатни центри, како што се поранешни и сегашни угостителски објекти или хотели, популарно наречени Хотел "Кристал" и Хотел "Куба" во Куманово и некои домови за средношколци, односно за ученици , кои се така адаптирани да можат да им ги пружат на овие луѓе неопходните услови за живеење. Меѓутоа, сакам попатно да кажам, секако дека оваа категорија на луѓе живее во субнормални услови кои далеку одстапуваат од нормалните стандарди на живеење во денешно време. А кога ги спомнувам овие граѓани од аспект на нивната загрозеност на нивното избирачко право, примерот го давам од следниве причини.

Имено, законот што го носиме се однесува на сите видови на изборни циклуси во Република Македонија и законот се носи за едно неопределено идно време со намера овој закон со вградените норми да трае и да ги покрива сите создадени состојби што ќе произлезат од избирачките процеси. Меѓу кои избирачки процеси, секако дека спаѓа и изборот на советници и градоначалници за локалните самоуправи.

Со оглед на тоа што овие граѓани, оваа категорија на граѓани се избркани од општина Липково и привремено се населени во општина Куманово, во прифатните центри, на оваа категорија на граѓани не им е дефиниран во нивната би рекол, лична карта местото на живеење. Според местото на живеење, од каде што се избркани, тоа значи од општина Липково тие треба да гласаат, ако се случат идните локални избори, тие треба да гласаат за советничка листа и за градоначалник на општина Липково, а живеат во Куманово. Пак не би можел да кажам дека трајно живеат во Куманово. Дека не им се обезбедени услови ниту да се вратат од каде што се избркани, ниту да им се овозможи да им се дефинира новото место на живеење. Тука има една нелогичност. Ако се земат предвид етничката структура на населението на Липково и етничката структура на население во општина Куманово и етничката структура на самите избркани, односно раселени лица, тогаш ќе дојдеме до една апсурдна состојба. Имено, тие лица, со оглед на тоа дека имаат место на живеалиште сеуште во општина Липково, треба да гласаат за кандидати за советничка листа и за градоначалник на општина Липково, а своите животни интереси непосредно ги остваруваат во општина Куманово. И од аспект на етничката припадност, и од аспект на партиската припадност и од аспект на непосредното остварување на сопствените животни потреби во секојдневното живеење. Значи доаѓаме до апсурд, а тоа сето има импликации, има крајна последица, со оглед на тоа што овој законик го предвидува Донтовиот модел за пресметување на гласовите, тоа значи дека овие лица, иако по етнички состав, иако по партиски состав спаѓаат на некоја друга категорија и нивната гласачка волја би била насочена кон одредена друга категорија и по етнички состав и по партиски и по политичка припадност кон друга категорија на граѓани, нивните гласови, само заради тоа што не им е дефинирано трајното место на живеење ќе се одлеат во сосема несакана од нив политичка насока, односно од несакана по нив политичка партија која истакнала кандидатска листа за советници, односно за градоначалник во општина Липково.Еве едно отворено прашање кое произлегува како последица од сеуште недефинираниот статус на лицата кои ги третираме како раселени, односно како избркани лица, поточно речено и од една негрижа би рекол, која веќе трае 4 години, а која може да трае неодреден период на време на власта, актуелната власт да го реши трајно нивниот статус, а со тоа и да им помогне во целосното остварување на нивното човеково право, тоа што се нарекува активно и пасивно избирачко право. Покрај она што прво го кажав, правото на слободен избор на живеалиште како второ човеково право им е загрозено.

Од тој аспект, апелирам ако нашиот амандман не ги апсорбира сите овие проблеми и ако не ги решава можеби сите овие проблеми, тогаш претставниците на Владата, односно мнистерот за правда со сопствен амандман да ги опфати овие проблеми и на таков начин трајно да придонесе во решавање на овие повреди на човековите права. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

Сега се 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 57 гласале, 7 за амандмано, 2 воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 114 став 1 во воведната реченица, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пеовски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Амандманот се предлага заради подобрување и коегзистентност на одредбите кои што се однесуваат на сумирањето и утврдувањето на резултатите.

Факт е дека кога се работи за утврдување на резултатите, утврдувањето на резултатите на ниво на општина може да го врши општинската изборна комисија на ниво на регион и на ниво на Република Македонија ДИК.

Во членот 118 ставот 3, каде што се зборува за записниците, Владата вели дека избирачкиот одбор веднаш по завршувањето на дејствијата ги објавува и истакнува сумираните резултати.

Значи, за утврдување на резултати на од страна на избирачкиот одбор никаде не станува збор и заради усогласување на членот 118 со членот 114, предлагаме зборовите:"и утврдуваат" да се бришат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Витановски барате збор?

**Јанаќе Витановски:** Збор.

**Љупчо Јордановски:** Никому не му е ускратено.

Повелете.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Сакам да го кажам своето мислење по повод овој амандман.

Мислам дека ова што го предлагаат во членот 114, став 1, да се бришат зборовите: "и утврдуваат" мислам не држи и мислев дека колегата Блаже Стојаноски ќе го повлече овој амандман. Еве зошто. Затоа што во членот 114 се работи за сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на гласачките места. И избирачкиот одбор е тој кој што ги утврдува резултатите од гласањето на гласачкото место. Сега тие бараат да се избришат зборовите:"и утврдуваат". Но, ако го гледаме целиот член, ќе видиме дека во овој член е образложена целата постапка по завршувањето на изборите, односно целокупната работа на избирачкиот одбор за кој што толку ние овде водиме расправа и членот 192 кој што сега е предложен како амандман.

Имено, по завршувањето на пребројувањето на резултатите, еве зошто мислам дека не треба да се бришат зборовите: "и утврдуваат", бидејќи избирачкиот одбор е тој кој што по завршување на изборите треба да направи сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на гласачкото место. Претходно се пребројуваат прво неупотребените гласачки ливчиња и при пребројувањето прво се кине десниот долен агол, а потоа се ставаат во посебен плик, кој што ќе се затвори, а воедно, ќе се запечати и врз него ќе се запише бројот на избирачкото место и вкупниот број на неупотребени гласачки ливчиња. Потоа се отвора гласачката кутија и се пристапува кон пребројување на гласачите. Во алинејата 3 вели дека избирачкиот одбор ги утврдува вкупниот број на избирачи што гласале и ставиле потпис . Само во текстот од запишаните во изводот од избирачкиот список. Значи, избирачкиот одбор го утврдува вкупниот број на избирачите што гласале. Ако ги избришеме зборовите: "и утврдуваат" кој ќе го утврдува тој вкупен број.

Заради тоа сметам дека овој амандман не држи. И уште една работа, во алинејата 6, избирачкиот одбор утврдува дали гласачко ливче е важечко или не е и за која листа на кандидат е гласано. Значи, овде имаме дек аизбирачкиот одбор утврдува кое гласачко ливче е важечко, а кое не е. Доколку ги исфрлиме зборовите: "и утврдуваат" кој што амандман е предложен од колегите од ВМРО-Народна партија, тогаш кој ќе ги врши овие две клучни дејанија во овој член. Затоа сметам дека амандманот не држи и дека треба да си остане како што е во членот 114, само заради овие две работи, каде што треба избирачкиот одбор да утврди кое гласачко ливче е важечко или неважечко и да го утврди вкупниот број на избирачи што гласале на тоа избирачко место. А она што го има во членот 118 тоа е во ред. Овде се зборува и за други работи, односно за утврдување на вкупниот број на избирачи и за утврдување на гласачкото ливче дали е исправно или не. Ако го немаме ова утврдување, кој ќе врши тогаш утврдување на вкупниот број на гласачи и кој ќе утврдува дали тоа гласачко ливче е важечко или неважечко.

Од тие причини сметам дека амандманот не држи и треба да не го изгласаме, или да се повлече. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Почитувани пратеници дозволете да ја поздравиме на Галерија групата на романскиот парламент за соработка со македонскиот Парламент на чело со госпоѓа Лилјана

Димитреску, која што истовремено го претставува и македонското малцинство во Република Романија.

Им посакуваме убав и пријатен престој и во Парламентот а и во самата Република Македонија.

(Аплауз)

Во прав момент се тука да видат како Парламентот работи, како еден од потешките закони ги носиме, изборниот законик.

Госпоѓо Којзеклиска, збор или реплика?

Повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Кратко, претседателе.

Она заради кое е предложен амандманот од страна на ВМРО-Народна партија, да се брише зборот "и утврдува", е предложен од следниве причини.

Согласно членот 124 од Законот, се вели дека општината изборна комисија ги сумира резултатите. Во глава 12 стои еден општ или генерален број на членови кои се однесуваат на сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на гласачките места. После таа глава во Изборниот законик постојат други глави и тоа: 13- сумирање и утврдување на резултатите од гласањето за избор на претседател. Па имаме за избор на пратеници, за избор на членови на Советот, па за избор на градоначалник. Значи, она што се однесува во Глава 19 , тоа се членовите 114, 115, 116, 117, 118, се однесуваат во општиот дел за начинот на сумирање на резултатите.

Меѓутоа, не може при избор на пратеници избирачките одбори да бидат надлежни да ги утврдуваат резултатите. Тоа може да го прави само општинската изборна комисија. Таа да ги сумира а Државната изборна комисија, согласно членот каде што се наведени надлежностите на Државната изборна комисија во точка 20 се вели дека Државната изборна комисија ги сумира и утврдува резултатите од гласањето за листите на кандидати на ниво на изборна единица. Значи, не може избирачкиот одбор да ги утврдува и да ги сумира резултатите, посебно кога се однесува за избор на пратеници.

Од друга страна, поткрепа на овој амандман е и членот 37 каде што се наведени надлежностите на општинската изборна комисија и точка 14 вели - По спроведувањето на избори за пратеници во Собранието врз основа на записниците од избирачките места, Општинската изборна комисија ги сумира, значи само ги сумира резултатите според изборните единици на избирачките места за кои таа е надлежна и според нивната припадност на изборната единица, а само Државната изборна комисија ги сумира и ги утврдува резултатите од изборите при гласање за пратеници. И од тие причини барам поддршка и постои логичност и конзистентност во барањето да се брише зборот "и утврдува" во членот 114 за кој што е предвидено со амандманот од ВМРО-Народна партија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Има 62 присутни.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници 57 гласале, 7 за амандманот, 4 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот  на член 114 став 1 за додавање нова алинеја по алинеја 1, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Апостоловски, имате збор.

**Никола Апостоловски:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 114 став 1, за заменување на местата на алинеите 2 и 3 и за додавање нова алинеја 1-а по алинеа 1, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Михајловски, имате збор.

**Јордан Михајловски:** Целта на овој амандман што го предлагаме е да се отстранат сомневањата во регуларноста на изборниот процес, и сомневањата во изборниот одбор. Затоа амандманот ги прецизира чекорите што ги презема избирачкиот одбор во сумирањето и утврдувањето на резултатите од гласањето на гласачкото место. Едновремено се предлага дел од избирачкиот одбор кој е задолжен да утврди дали гласачкото ливче е важечко или не, и за кого е гласано, да не смее да има хемиски пенкала, бидејќи во тој дел на постапката се прават и најголемите прекршувања и одземање на гласот на граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, 45 гласале, 2 за, нема воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 116 став 2, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Стојаноски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Записникот за гласање кој треба да го изготви избирачкиот одбор, во став 2 од член 116 стои дека содржи посебен табеларен дел за сумирањето и утврдувањето на резултатите од избирачкото место. Значи, ако сумирањето и утврдувањето го поистоветува Владата, тогаш може и вака да стои, меѓутоа факт е дека утврдувањето на резултатите е различно од самото сумирање на резултатите. Затоа предлагам "утврдувањето", да се брише. Тоа е и во контекст на членот 118, затоа што сумираните резултати се истакнуваат, или Владата нека направи амандман и нека каже дека сумираните и утврдените резултати се истакнуваат, па на тој начин да има една конзистентност на одредбите.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни 50 гласале, 5 за амандманот, 1 воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 117 ставови 1,4 и 5, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам министерот да се изјасни.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Михајловски, имате збор.

**Јордан Михајловски:** Овој амандман го предлагаме затоа што сметаме дека овластените претставници мора да имаат право да го потпишат записникот, на избирачкиот одбор. Имаат право своите забелешки да ги внесат во записникот, а со давањето на право да го потпишат записникот, се оди чекор напред во прецизирањето на демократијата и во анулирањето на неправилностите во изборниот процес. Ако записникот не е потпишан од мнозинството членови на избирачкиот одбор, а е потпишан од овластените претставници, Општинската изборна комисија во тој случај е должна гласањето на таквото избирачко место да го утврди со пребројување и проверка на целокупниот изборен материјал, во присуство на одборот и овластените претставници.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник гласале 56, за гласале 6, воздржан 1 и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 118 став 4, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам министерот да се изјасни.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Михајловски, имате збор.

**Јордан Михајловски:** Предавањето на изборниот материјал е многу значајно дејство во изборниот процес. Не одржливо е него да го предава само претседателот на одборот, а сите други да бидат присутни по волја, или не. Присуството на двајца членови е неопходно,но и на овластените претставници, со што ќе се отстранат можните прекршувања на изборните резултати.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 52 гласале, 4 за, нема воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 127 став 1, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 127 став 2, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Конечно, 61 пратеник, односно еве сега 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гасаме.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 55 гласале, 3 пратеници гласале за, нема воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 145 став 1, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски повелете,имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Видете претседателе, се работи за членот 145 што се однесува за медиумското претставување на учесниците и каде што се дадени решенија во однос на Одлуката за рамноправно медиумско претставување на учесниците на изборите. Тука стои дека Предлогот на одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за избор на претседател на Републиката поради престанок на мандатот, Советото за радиодифузија ја доставува до Собранието најдоцна 15 дена по распишувањето на изборите. А, Собранието ја донесува во рок од 2 дена од денот на приемот.

Сметам дека со закон не може да се задложи Собранието во определен рок да донесе определена одлука. Тоа може да се препорача, може нешто во таа смисла, меѓутоа задолжителна одредба за рок во кој што треба да се донесе одлука од страна на Собранието, сигурно дека не е согласно Уставот на Република Македонија.

Да не се јавувам повторно, наредниот амандман се однесува на ставот 2 на истиот член, каде што стои дека одлуката се објавува веднаш, најдоцна во рок од 24 часа во Службен весник на Република Македонија. Тоа треба да биде решение што ќе биде дел од самата одлука. Значи, во секој закон и во секоја одлука стои во кој временски период влегува во сила таа одлука и врз основа на тоа се реализираат тие дејствија.

Затоа сметам дека овој амандман држи место и треба да биде прифатен од страна на Владата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

55 пратеници гласале од 61 присутни, 8 за, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 145 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Марија Којзеклиска, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

54 пратеници гласале од 61 присутни, 5 за, 1 воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 148 за менување на став 1, поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 148 за менување на став 2, поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 148 за менување на став 3, поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 148 за менување на став 4, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 148 за менување на став 5, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 148 за додавање нов став 6 по ставот 5, поднесен од пратениците Слободан Чашуле, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претрестот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 50 гласале, 6 за, нема воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 149 став 1, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 149 за менување на став 2, поднесен од пратениците Александар Флоровски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски и Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 149 за менување на став 3, поднесен од пратениците

Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 150 став 4, поднесен од пратениците Блаже Стојаноски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 151 став 1 во воведната реченица, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 151 за менување на став 2, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Михајловски имате збор.

**Јордан Михајловски:** Знаев дека нема да биде прифатен ни последниот амандман.

Амандманот го предлагаме во однос на Главата IX каде што стои поништување и повторување на гласањето, како најслаба карика во изборниот процес, што продуцира неправилности, а не и нивно санкционирање.

Во членот 151, ставот 1 пропишува поништување на гласањето, а во ставот 2 целосно се негира ставот 1. тоа подразбира дека во пропорционалниот модел не може да се повтори гласањето во поништените гласачки места.

Затоа го предлагаме амандманот кој е насочен таквите неправилности да влијаат на целата изборна единица, општина, односно гласањето да се повтори.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за претрес.

Го заклучувам претресто по амандманот.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 присутен пратеник, 54 гласале, 5 за амандманот , 1 воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 151 став 2, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 151 став 3, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 158 став 1, поднесен од пратениците Андреј Жерновски, Роза Топузова-Каревска, Петар Апостолов, Благој Голомеев, Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Слободан Најдовски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Нелко Стојаноски и Тома Глигориевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Жерновски имате збор, повелете.

**Андреј Жерновски:** Сосема на кратко, почитуван претседателе.

Ова го објаснував и кога го составувавме дневниот ред, поради промената што ја бараме во однос на Законот за локална самоуправа.

Инаку, сосема е јасно дека во Градот Скопје имаме огромно незадоволство од 120.000 жители поради нефункционирањето на општините Кисела Вода и Аеродром. Токму поради таа причина имавме и од пратениците на ВМРО ДПМНЕ закон овде соодветен, затоа што не можат да го решат проблемот внатре во партијата. Сакаат со посебен закон во Собранието да го решат наведениот проблем.

Она што е многу важно, што целата оваа состојба...

(Џагор во салата)

Ве молам, не можам...

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да се слослушаме.

**Андреј Жерновски:** 120.000 жители во Република Македонија, поточно во општините Аеродром и Кисела Вода воопшто не функционира локалната самоуправа, воопшто не можат да уживаат во процесот на децентрализацијата, што значи година дена таму е целосно блокиран процесот.

Тоа што сега нас не интересира овде, со овој изборен законик, ќе мораме прво овде да го решиме па да одиме во промена, е во тоа што се поставува прашањето на кој начин можат да реагираат граѓаните, особено за тоа што цело време зборуваме за овој процес, за некаква децентрализација, кога многу поголема моќ ќе имаат како градоначалниците така и граѓаните.

Она што за нес е сосема јасно е дека на граѓаните, освен тоа што имаат и треба да имаат, се разбира, право да ги бираат градоначалниците, треба да имаат право и да ги разрешуваат за да можат градоначалниците да знаат дека за својата работа целосно одговараат пред граѓаните за сето она што добро ќе го направат и сето она што лошо ќе го направат.

Ние, како пратеници сме целодневно под коментари од луѓето кои живеат таму, затоа што се незадоволни, односно немаат решение што да прават со своите проблеми. Во овој момент Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен објект нема можност да ја инкорпорира својата програма што тежи близу 40 милиони евра од проста причина што не можат да се добијат градежни дозволи, не функционира воопшто урбанистичкиот план, затоа што нема со кого да се разговара, бидејќи и двата градоначалници кои, за жал, потекнуваат од иста партија , но не можат да се договорат, потекнуваат од ВМРО ДПМНЕ, поради нивното несогласување целиот процес е блокиран до таа мера што најверојатно Јавното претпријатие односно државата, според најавата ќе го повлече целиот овој инвестициски циклус, што само во првата фаза треба на општините, зборувам само за општина Аеродром и на Градот Скопје да донесе 4 милиони евра. За жал, тие не можат да се искористат.

Да завршам со целата наша намера, ова решение не е ништо ново, не е нешто што го измисливме ние како пратеници на Либерално демократската паритја. Напротив тоа постоеше во претходното решение во Законот за локална самоуправа, така што сметаме дека треба на граѓаните да им овозможиме со своја оценка да ја регистрираат работата на градоначалниците што ги имаат избрано.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните.)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега сме 61 пратеник. Молам седнете на своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 54 гласале, 42 гласале за, нема вождржани, 12 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 161 став 1, за менувањена алинеја 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и тоа станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 165 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен и нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, 43 гласале, 2 за амандманот, 2 воздржани и 39 против амандманот.

Сепак бидејќи е голема разликата од 43 до 61 службите уште еднаш нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници)

65 присутни, резултатите се валидни, значи констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 187 став 1, алинеја 1 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски, Блаже Стојановски и Ѓорѓи Трендафилов. Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

65 присутни, 58 гласале, 7 за, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Господине Макрадули, повелете имате збор процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, во има на пратеничката група на СДСМ барам пауза од 15 минути.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам 15 минути пауза.

(Пауза од 16,20 до 16,50 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 192 -а, поднесен од пратеникот Блаже Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски имате збор, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Се надевам дека интерресот ќе се зголеми во текот на дискусијата, иако овде гледам дека оние кои го предлагаат овој амандман ги нема. Ја нема ниту позицијата, ниту таканаречената најголема опозициона партија која што. . .

**Љупчо Јордановски:** Амандманот господине Стојаноски вие го предложивте, веројатно мислите законот кој што е предложен.

**Блаже Стојаноски:** Не, мојот амандман гласи дека се брише амандманот на Владата.

**Љупчо Јордановски:** Да, само се изјаснивте тие што го предложија амандманот ги нема.

**Блаже Стојаноски:** Амандманот на законот од страна на Владата. Значи го предложија оние кои договараа во клубот на пратеници кои сега тука ги нема.

Меѓутоа, независно од неприсуството ниту на едните ниту на другите, за пример може да служи присуството на Либерално демократската партија на пратениците кои скоро во полн состав се тука, и сметам дека вреди да се зборува и за делот од позицијата и за претставниците на Владата, затоа што факт е дека овој амандман во суштина го смени целиот закон, создаде нов закон и создаде закон за парламентарните избори, кој што е разлилчен од законот што требаше да биде реализиран согласно одговорите на Прашалникот што ги даде Владата на Република Македонија, а кој одговор гласеше: Владата ќе предложи до Собранието единствен законик за сите изборни циклуси. Сите изборни циклуси за Владата не се првите наредни парламентарни избори.

Меѓутоа, да одиме со ред. Прво прашање е зошто Владата го предложи амандманот за промена на составот на избирачките одбори. Постојат неколку одговори на ова прашање. Прво, затоа што сметала дека на овој начин ќе ја зголеми довербата во изборните органи.

Второ, затоа што се плашеше од бојкотот на изборите кој го најави ДПМНЕ доколку не прифати нивен член во изборните органи.

Трето, за да го реализираат договорот меѓу власта, претставена од СДСМ и ДУИ, и ДПМНЕ за маргинализација на ВМРО Народна партија.

Четврто, за да овозможи полнење на кутиите, што ќе биде во полза и на СДСМ и на ДПМНЕ, слично на она што се случуваше за време на претседателските и локалните избори.

Кој е вистинскиот одговор? Ајде да анализираме. Што добива Република Македонија со овој амандман на Владата, што добива СДСМ и ДУИ, а што добива ДПМНЕ. Што добиваат останатите учесници во изборите и на крајот што добиваат граѓаните на Република Македонија со овој амандман. Многу прашања и многу одговори кои што требаше да ги даде Владата на Република Македонија или оние кои се договорија зад грбот на оние на кои им се наменети изборите, а тоа се граѓаните на Република Македонија кои суверенитетот кој што го поседуваат согласно Уставот на Република Македонија го пренесуваат на нивните избрани претставници преку фер и демократски избори согласно изборните правила кои треба да бидат почитувани од страна на сите учесници во изборниот процес.

Да почнеме со тоа што добива Република Македонија со овој амандман? На Република Македонија и се неопходни фер и демократски избори без ниту една црна дамка врз нив. Сите гласноговорници како од оваа говорница и надвор од неа зборуваат дека целта на учесниците во овие избори е фер и демократски избори без ниедна црна дамка врз нив. Меѓутоа, што прават во реалноста и од што зависи навистина спроведувањето на фер и демократски избори? Прво, треба да има добра основа за реализација на фер и демократски избори. Таа добра основа претставува изборниот законик за кој што дискутираме неколку дена во ова Собрание, се трудевме преку многу амандмани да го направиме подобар согласно високите стандарди кои ги има во високите демократски општества и долгорочен односно законик кој ќе важи за сите изборни циклуси нанапред и со кој еднаш засекогаш во Република Македонија ќе се надмине праксата да правиме не изборни, туку предизборни заккони.

Второ, реализацијата на фер и демократски избори зависи не само од содржината на изборниот закон, туку и од довербата која што треба да биде изградена во изборните органи од страна на сите учесници во изборниот процес. Дали решенијата кои ги имаме со овој закон значат градење на целосна доверба од страна на сите учесници на изборниот процес ов избирачките одбори, општинските изборни комисии, во Државната изборна комисија. Концептот кој што од почеток беше промовирам, образложуван, аргументиран, прифатен и од страна на Владата и од страна на стручната јавност и од страна на добар дел на опозицијата и од страна на граѓаните на Република Македонија на кои им е преку глава на секои избори да гледаат изборни инциденти, полнење накутии и на кои им е преку глава од тоа кога излегуваат на гласање во одредени реони во Република Македонија да се плашат за својот живот, сакаат да се направат изборни правила, да се создадат услови за формирање на изборни органи кои ќе значат вистинска доверба во нив, од страна на сите, пред се од сите граѓани на Република Македонија, потоа и од сите учесници во изборите. Дали таа цел ја оствари Министерството за правда, дали таа цел ја оствари Владата, дали тоа му беше цел на Груевски како самонаречена најголема опозициона партија. Ако е тоа цел, моето второ прашање е како ќе се реализира таа цел. Одеднаш она што беше недоверба заради партизираноста на јавната и државната администрација стана доверба во државната и јавната администрација. Одеднаш она што беше посебен избирачки список, гласање на граѓаните на Република Македонија кои се наоѓаат во странство стана неважно, затоа што се постигнал некаков договор меѓу него и Бучковски, за кој сега се вадат стенограми да се види кој што кажал, како кажал и дали тоа е напишано на начин како што кажал или не е тоа така направено. Меѓутоа, независно од тоа договарање и преговарање, ја промашиле целта. Целта не е да се усогласат тие дваица како да бидат составени изборните органи, целта е како да се реализираат фер и демократски избори со изградена доверба во изборните органи.

На овој начин како што е предложено сега, избирачките одбори се состојат од претседател, од државната администрација, од двајца членови од јавната амдинистрација и по еден член од СДСМ и ДПМНЕ. Сега Груевски има доверба во овие изборни органи, а немаше да има доверба доколку беа тие професионални со вистински дефинирани санкции во законите за непочитување на изборните правила, со можност и да го изгубат работното место на сите оние вработени во државната и јавната администрација. Наеднаш тоа стана неважно, неважно стана да се постигне целта, важно стана да се посстигне некаков договор кој се однесува на сето она што и досега функционираше во Република Македонија, а тоа е опозиција преку пресс-конференции без реална визија за политичката иднина на Република Македонија .Прашањето на големо и мало што е голем, што е мал, или незнам што друго не е во бројка или во самонарекувањето или во тоа дали тоа ќе го каже претседателот на Собранието, Парламентот или премиерот Бучковски. Големината е во идеите, а идеите можат да ги имаат само визионери, лица кои знаат што сакаат, кои гледаат напред во иднината на Република Македонија. Целта, остварувањето фер и демократски избори, зависи и од однесувањето на учесниците во изборите и почитувањето на изборните правила. Се разбира дека и најдобар закон кој би го донеле во овој Парламент нема да биде добар доколку не се почитува. А што треба за реализација на доследно почитување на изборните правила? Мора учесниците во изборите да се ослободат најнапред од мотото - да се победи на овие избори по секоја цена, повторувам, по секоја цена. Победата на било кој учесник во овие избори по секоја цена е најголемиот пораз што може да и се нанесе на Република Македонија. Пораз затоа што тоа е најсилниот аргумент за оддалечување на Република Македонија од нејзините стратешки цели, освен ако тоа не преставува и некаква цел за некого.

Прашањата зошто на ДПМНЕ му е толку важно учеството во избирачките одбори иако врз нив не може да има никаква контрола со само еден член само не поттикнува да размислуваме кои би биле одговорите на ова прашање. Јас ќе ви ги понудам следните одговори.

Прво и основно е анимирањето на околу 2976 членови и уште толку заменици, што значи вкупно околу 6 илјади членови на ДПМНЕ на избирачките кутии кои ќе бидат платени од 500 цо 700 денари и заедно со нивните семејства сметаат дека ќе бидат добро гласачко тело кое ќе им значи во спроведувањето на Парламентарните избори. Меѓутоа, кои би можеле да бидат другите причини? Иако би ангажирал околу 6 илјади свои

членови, одговорноста за евентуалните неправилности и евентуалниот изборен неуспех вака како што е поставена ситуацијата, повторно ќе може да ја префрли врз власта и врз некој друг.

Трето, според мене еден од најважните одговори кои што си ги има зададено господинот Груевски е да ја отстрани ВРМО Народна партија од учество во изборните органи и со тоа да ја задоволи суетата и да овозможи Бучковски да ја прогласи ДПМНЕ за најголема опозициона партија.

Или четврт одговор, желбаа и на Бучковски и на Груевски овие избори да бидат само формалност со договорени резултати, а со една цел, повторно отстранување на влилјанието на ВМРО Народна партија во македонската политичка иднина. Меѓутоа, сите овие одговори кои си ги дваат, во едно сум сигурен: Нема да успеат ВМРО Народна партијај да ја тргнат од политичката иднина на Република Македонија. Кога ќе ве праша претседателот на Собранието зошто го поднесе овој амандман, јас би му одговорил на следниот начин: сакам закон со концепција. Концепција која што ќе значи доверба во изборните органи, концепција која што нема да овозможи ниту грам недоверба, од страна на било кој учесник во изборниот процес, затоа што изборите не се за СДСМ и ДПМНЕ, овие избори се за граѓаните на Република Македонија. Овие избори се за оние кои имаат и пасивно и активно право на глас, кои бираат и имаат право да бидат бирани и да даваат доверба на нивните претставници да ги штитат нивните интереси и интересите на нивната држава. Дали со овој амандман кој го поднесе Владата на Република Македонија не се дерогира, не се укинува таа цел, не се уништува основната цел на демократијата, владеење на граѓаните, на носителите на суверенитетот преку нивни претставници во Парламентот, преку нивни избрани претставници во другите институции и непосредно преку референдум и други начини на непосредно изјаснување. Ако е целта да се наметнува волјата на тесна партиска и политичка олигархија и изборите да се сведат само на формалност која ќе зависи од договорот кој може да биде постигнат во одредени места кои се надвор од институциите на системот, тогаш не би можеле ништо друго да кажеме освен тешко на Македонија. Кога сакаме нешто да направиме, кога знаеме сите како тоа треба да се оствари, не треба да гледаме дали тоа ќе биде во корист на ВМРО Народна партија, во корист на ДПМНЕ, во корист на нивните коалициони партнери или во корист само и единствено на власта или на дел од власта. Треба да видиме која е целината на последиците кои произлегуваат од она штосе предлага. А сега се предлага уништување на едногодишна работа на Министерството за правда, се предлага дерогирање на вкупната активност на медиумите, на вклучувањето на многу стручни лица од областа на изборното законодавство. Со само еден амандман велиме: Не важи концептот кој што го браневме цело време, важи нов концепт, меѓутоа, стариот концепт е добар, ама нема да важи за првите наредни парламентарни избори. Што е причината?

Која е причината првите наредни парламентарни избори да не заслужуваат добар изборен закон, добри изборни правила, состав на изборните органи кои ќе гарантираат доверба од страна на сите учесници во изборите и од страна на граѓаните на Република Македонија?

Зошто се прави оваа отстапка од концептот кој беше веќе прифатени? Нема никаков друг одговор освен дека на овој начин се врши јавна промоција на легализацијата на соработката помеѓу СДРМ и ВМРО-ДПМНЕ, а со една единствена цел да реализираат цели кои нема да произлезат од изборните резултати, туку ќе произлезат од други договарања кои не се засновани на легитимитет даден од страна на граѓаните на Република Македонија. Кои се тие? Од 2002 до 2006 година ги видовме, сега се на ред оние од 2006 до 2010 година.

Меѓутоа, да се вратиме на содржината на амандманот. Проблеми постојат, така велат учесниците на преговарањата и договарањата во однос на дефинирањето на тоа кои биле политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Дали ова значи дека оној или оние кои учествуваа на тие преговори одеа таму за да дефинира господинот Бучковски која е најголемата опозициона партија. Дали му треба легитимитет од власта, дали признаваат со тоа дека самите не го заслужиле легитимитетот пред граѓаните на Република Македонија, туку тој легитимитет треба да им биде потврдуван од страна на некој друг.

На крајот на краиштата зошто целиот тој театар, зошто се замајува македонската јавност со периферни, странични работи од кои воопшто не зависи како ќе се реализираат овие избори, туку единствено зависи задоволувањето на потребите на одделни политички групации. Затоа велам овој амандман кој го поднела Владата на Република Македонија треба пред се да го усогласи со членот 38 став 3.

Моето прашање е ова: согласно овој член избирачкиот одбор се формира за секое избирачко место. Избирачките одбори се составени од претседател, четири членови и нивни заменици. Ставот 3 вели: претседателите на избирачките одбори и нивните заменици се избираат од редот на државната, општинската и администрацијата на град Скопје, а четири членови и нивни заменици се избираат од редот на јавната администрација по случаен избор за време од четири години и тие по правило, имаат живеалиште во општината на која припаѓа избирачкото место.

Овој амандман не определува колкав е мандатот на овие специјално одредени, делегирани членови од страна на политичките партии на власт и политичките партии на опозиција.

Дали овие четири години на останатите членови на избирачкиот одбор ќе важат и за овие членови или не, затоа што избирачкиот одбор има членови, независно кој ги предлага и на кој начин се избрани. Со нивното именување тие стануваат членови на истиот тој избирачки одбор и ги имаат истите права и обврски меѓу себе.

Дали 2010 година на овој начин ние дефинираме која структура на избирачки одбори ќе ги реализираат и вторите парламентарни избори, дали со овој член се реализира и можноста или се дефинира составот на избирачките одбори за претседателските и локалните избори во 2009 година, се разбира, доколку не бидат предвремени.

Ако е така, тогаш како ќе го спроведете ова, дали ова значи дека покрај амандманот од Владата не требаше да има уште еден друг или повеќе други амандмани, кои ќе определат што после спроведувањето на парламентарните избори или тогаш престанува да важи оваа одредба, ништо не е важно од она што го бранevme и што го кажувавме, сега одиме на старото решение кое е веќе наведено во изборниот законик со тоа што треба да се изберат нови членови во избирачките одбори на местото на оние кои се предложени од еден од власта и еден од толку саканата најголема опозициона политичка партија на која и даде легитимитет господинот Бучковски.

Ако е така, тогаш после завршувањето на парламентарните избори треба да се именуваат нови членовви од страна на јавната администрација на местото на овие кои треба да бидат именувани по предлог на политичките партии. Колкав мандат ќе имаат тие членови, дали ќе има избирачки одбори со различен мандат, новите со почетен мандат од нивниот избор, а овие старите ќе немаат мандат, туку само мандатот ќе им биде не знам колку месеци зависно од датумот на одржување на парламентарните избори. Или, јас би им предложил на претставниците на Владата зошто го правеа ова со амандман? Оставете го изборниот законик чист, доследен на концептот кој беше промовиран од почеток, а за овие парламентарни избори направете посебен закон кој ќе значи спроведување на фер и демократски избори и ако веќе сте оцениле дека на овој начин не може да се изгради доверба во изборните органи со нивен состав од државна и јавна администрација, тогаш направете концепт кој значи друга доверба, друг начин на градење на доверба во изборните органи. Тој начин го имавме и до сега. Тој начин беше двајца членови на изборните органи од страна на позицијата, двајца од страна на опозицијата и еден претседател, претставник на државната администрација.

На тој начин ќе имавме изборен орган, избирачки одбор во кој ќе можеше да имаат доверба сите политички партии во кои ќе можеше да има учество и СДСМ како дел од власта и останатите политички партии кои се дел од власта заедно со СДСМ во Владата на Република Македонија во кои ќе имаше можност да биде и коалицијата на ДПМНЕ со другите политички партии и ВМРО-Народна партија. И тогаш ние ќе речевме да, вие го напуштивте концептот кој сметавме дека е подобар, меѓутоа, водевте сметка за тоа довербата да не биде во целост нарушена од страна на партиите учесници во изборниот процес.

Меѓутоа, тоа не го направивте, зошто не го направивте, одговорот е јасен. Затоа што требаше да биде исклучена ВМРО-Народна партија од учеството во избирачките одбори. Затоа што ВМРО-Народна партија ако има свои членови во избирачките одбори ќе може да го контролира полнењето на кутии во кое имаат искуство ДПМНЕ и СДСМ и од локалните избори и од остварувањето на кворумот за време на претседателските избори. Ливчето само не може да оди, тоа беше порака која беше пуштана, а за да може да влезе во избирачката кутија, треба да нема сведоци, а тие сведоци, незгодни сведоци во Република Македонија би биле претставниците во избирачките одбори од ВМРО-Народна партија.

Или, уште едно прашање, ако веќе се прави некое вакво решение кое е ни риба ни девојка, тогаш зошто и во ваква ситуација се исклучува ВМРО-Народна партија од учество во избирачките одбори односно во изборните одбори во целост.

Дефинитивно и ова значи уште еден аргумент повеќе за она што го зборувам дека целта на конципирањето на составувањето на градењето на составот на избирачките одбори не е тие да ја завршат работата онака како што треба, нормално, мирно, туку да направат нешто што треба да биде направено зад грбот на ВМРО-Народна партија.

Што би произвело повторно како крајна цел маргинализација на ВМРО-Народна партија и докажување преку разни медиуми дека еве ВМРО-Народна партија нема рејтинг, нашите рејтинзи по наша порачка се вакви или такви и пак македонскиот граѓанин ќе си живее во сиромаштија, ќе си живее во една тешка ситуација без дефинирана иднина, без можност реално да може некој да ги застапува неговите интереси во македонскиот Парламент и во останатите органи кои се пополнуваат на избори.

Она за што се согласуваме сите е дека граѓанинот треба да го изрази својот суверенитет преку овие избори. Како тоа ќе го направи и зошто на првите наредни парламентарни избори, тоа не може да го направи онака како што е дефинирано, согласно стандардите кои се прифатени и од страна на Венецијанската комисија и кои се содржани во препораките на ОБСЕ за локалните избори и оние кои ги слушнавме од сите македонски стручњаци кои се посветиле на проучување на изборното право и сите оние кои имаат практично искуство во спроведувањето на изборите.

Ако целта е само да се донесе овој закон, а потоа политичките партии да бидат тие кои на свој начин ќе ги спроведат изборите, јас не ја гледам логиката Република Македонија да се дефинира како граѓанска држава, како држава на македонскиот народ и на другите етникуми во неа и на тој начин дефинитивно се дерогира основната премиса, основниот постулат, основното начело на Уставот на Република Македонија.

Несакајќи да должам ќе се вратам на прашањето од почетокот на мојата дискусија. Дали е вистина дека СДСМ се договори со господинот Груевски како да ги спроведат изборите и на кој начин после изборите да се реализира политичката иднина на Република Македонија. Ако е тоа така, тогаш излезете и јавно кажете му го на македонскиот граѓанин, а немојте да се криете зад странични работи околу дефинирање кој е најголем, кој е најмал или не знам кои други прашања.

На крајот би ве прашал уште едно, дали сте свесни дека со ова што се прави сега се создаваат многу здрави основи за проблеми на наредните избори кои можат навистина да не доведат во една ситуација Република Македонија не да се врати назад затоа што назад веќе нема каде да се врати, меѓутоа, да ги изгуби сите можни надежи  и сите можни перспективи кои можат да ги имаат граѓаните на Република Македонија, а да ги верификуваат преку политичката понуда на овие парламентарни избори.

Или, ќе се измисли нешто ново и она што го кажав во едно мое излагање порано, единствено што ќе се постигне ќе биде следното, оние кои на локалните избори и оние кои на претседателските избори ги полнеа кутиите, сега ќе можат тоа слободно да го прават, а доколку има проблем во однос на полнењето на кутиите, тука се бројачите од СДСМ и ДУИ да ја поправат грешката. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе,

Овој амандман од колегата Блаже Стојаноски е еден амандман од оние амандмани со кои се менува содржината на текстот по амандманот на Владата, значи со овој амандман предлагаме да се избрише амандманот на Владата поточно додавањето на членот 192-а.

Понатаму во продолжение имаме уште неколку амандмани кои се однесуваат токму на овој амандман.

Ова е еден од можеби најсуштинските амандмани кои пратеничката група на ВМРО-Народна партија ги поднесе и се оди во тој правец, можеби не ни е голема надежта дека овој амандман ќе биде изгласан, со оглед на тоа што Владата не го прифати и заради тоа на овој амандман односно на амандманот на Владата или на членот 192-а поднесовме неколку комбинации, неколку варијации надевајќи се дека некоја ќе опали односно ќе биде прифатена, иако и тие надежи се можеби мали, но во секој случај целта ни е да се размисли малку поинаку и целта ни е да ја донесеме работата на разгледување, одлучување и решавање по текстот на законот онаму каде му е местото, а тоа е во Собранието на Република Македонија.

Нашата пратеничка група навистина поднесе доста амандмани и јасно е дека политичката борба се води токму овде. Можеби вакви амандмани кои најверојатно ќе предизвикуваат и ќе предизвикаат една подолга дебата токму на овој член немаше ни да има доколку еден амандман на Владата не дојдеше. Значи, ако не дојдеше амандман на Владата на 192 да се додаде како нов член 192-а во завршните одредби бидете сигурни дека немаше да има барем по овој член таква дебата за која сега дебатираме.

Што е она што нас не иритира? Навистина во првата фаза кога беше поднесен Предлогот за донесување на закон, тука дисиутиравме и кажавме не многу забелешки, морам да бидам искрен, не многу, но околу четири, пет посуштински забелешки во кои укажавме дека сме за еден концпет кој во најголема мера беше и предлог на Владата за кое трпевме критики како партија во опозиција дека еве на некаков начин сме во некаков си сојуз со владеачката гарнитура затоа што имавме доблест најотворено како опозициона партија, за разлика од некои кои се кријат, ние имавме доблест да кажеме дека концептот на професионализација на изборните органи е за нас прифатлив. Не затоа што ние измисливме топла вода, не затоа што тоа и текна на Владата, туку затоа што тоа е концепт кој го поддржува цела Европска унија поточно сите оние земји кои се далеку и во изборните процеси, но и во демократија пред нас и од кого ние учиме.

Исто така, тоа беше концепт кој, тврдам овде со сигурност, значи професионализација на сите изборни органи е концепт кој не приближува до Европската унија. Значи, во онаа имплементација на законодавството кое треба да го приближиме до Европската унија е токму тој концепт. Јас бев убеден и нашата пратеничка група, а и партијата ВМРО-Народна партија беше убедена дека со таквиот концепт и она што се презема во реформите на судството и оние закони кои ќе следат по уставните амандмани дава една гаранција дека некаква лекција сме научиле, дека оние емисари што ни доаѓаат од меѓународните претставници потоа разни венецијански конвенции и тн., дале поука до нас дека еве, ако ние не знаеме, знаеме да го следиме примерот и дека на тој начин со нашата имплементација односно применување на она што е позитивно, ние се приближуваме кон Европската унија. Тоа требаше сите да го сватиме.

Јас морам да констатирам, почитувани колеги, дека ВМРО-Народна партија и со овој пристап,

значи со пристапот на имање доблест, имање храброст да поддржи нешто што на некој начин и Владата го понуди, само потврдува дека не само што е најголема опозициона партија во Република Македонија, туку очигледно е многу пред многуте други опозициони кои се кажуваат опозициони или можеби се некакви победници, а да бидеме искрени тоа не значи реформа. Не знаат што е реформа и воопшто не можат да сватат што е реформа.

Еве ќе направам една паралела, значи, една компарација, бидејки ние сме партија во опозиција милион пати сме кажале и сега ќе кажеме, нашата доблест се гледаше во тоа кога знаевме и со уставните амандмани да дадеме позитивен сигнал. Значи, имавме доблест, имавме храброст и кога беа уставните амандмани да го направиме тоа што го направивме, односно да гласаме, да учествуваме во амандманска расправа, да понудиме некои наши амандмани, некои беа прифатени, некои беа одбиени. Тоа истото се случува сега и во овој изборен законик, тоа се случува и во другите закони, да не заборавиме Закон за процесна, кривични и т.н. Не можеме, ако сме најголема опозициона партија и ако претендираме да додјеме утре на власт...

Колеги, во Собрание сме, не сме во планина. Сакам малку да се слушаме. Не знам од каде сте, но така се однесувате. Значи, ако претендираме да дојдеме на власт, ние знаеме што е одговорност и кога ќе дојдеме на власт, а ќе дојдеме сега пред летото 2006, ние сме одговорни и она што сега го правиме како опозиција со овие пристапи што ги имаме, со овие забелешки и оној концепт што го правиме, ние тоа ќе го спроведеме. Нема да бидеме како некој што наликува како мало дете па плаче за секоја измена во меѓувреме, а се најавува иден премиер. Јас искрено не знам како тој би ја водел државата кога тој самиот нема концепт. Да не зборуваме, еве еден сликовит пример, беа уставните а амандмани, пратеничката група на ДПМНЕ еднаш кажа дека ќе го подржи, го гласаше, значи потребата од уставните амандмани ги гласаше за да потоа каже во втората фаза, односно во оние наредни фази да каже, па немаме потреба од измени на уставните амандмани, затоа што се е промашено, освен еден амандман кој можеме да го подржиме за на крајот и тој еден амандман да не го подржат, дури да ја напуштат седницата. Тоа се случува и сега. Овој амандман кој што ние го предлагаме, со кој што бараме да се брише членот 192 додаден од страна на Владата со овој амандман е исто она што сега го кажувам и поврзувам со претходните уставни амандмани. Значи, таа пратеничка група која се декларира за опозиција најави во првата фаза на овој закон 11 забелешки за кои што беа упорни да се бранат до крај. Една беше мнозински систем, друга не знам што беше и т.н., не би сакал да ги елаборирам. За да тоа се се исфрли, за да тоа се се заборави и на некој начин да се уцени некој да се дојде до некаков си договор на маса, а не во Собрание и да се измисли она што сега се измислува. Јас ќе ви кажам, почитувани колеги, мене ми е жал што ова морам да го констатирам, тука е минситерката нека слуша, меѓутоа ова морам да го кажам. Само заради еден член во законот, значи најмногу заради овој член 192-а. Законот кој можеби ќе добиеше најдобри и највисоки оценки од меѓународните претставници, денеска можеби ќе добие добри оценки, ама со подзатворена уста. Затоа што враќање, или ставање нешто између ниту е риба, ниту е не знам што, е нешто што ќе добивате пофалби, ама не со отворена уста, туку малку со подзатворена уста, а можеби утре ќе ве критикуваат и ќе ви кажат и вас како министерка, но и на премиерот, па како сте можеле да донесете едно вакво решение. Или сте за професионализација, или сте за политички претставници на избирачките органи. Ова, ниту вода, ниту киселина, навистина не е во ред.

Сега пак ќе се вратам. Од друга страна зошто е пак лошо? Целиот закон го дерогирате со еден член. Овој член 192-а се става во делот на завршните одредби. Во завршните одредби таму се кажува дека за наредните парламентарни избори ќе важи правилото, ќе имаме тројца претставници од јавната администрација во избирачките одбори и ќе имаме двајца претставници, еден од најголемата опозицијона партија, еден од партиите на власт. Значи, она што јас зборувам сега, ниту вода, ниту киселина, значи измешана, испретумбана работа. Зошто? За да некому се удоволи. Јас разбирам дека треба компромис, ама зборот компромис не подразбира еден да биде задоволен, а петмина да бидат незадоволни. Тоа не е компромис. Зборот компромис не е да се удоволи на Груевски се што ќе побара на сметка на најголемата опозициона партија овде во Собранието и тоа го видовте сега на лице место. Сега се гледа овие денови која е најголема опозициона партија, не само која е најголема, туку кој е воопшто опозиција во Република Македонија. Јас и претходно кажав и сега ќе повторам, не поднесовме ние 57 амандмани заради инает. Министерката и денеска потврди, прифати 12. Што значи дека не е во прашање инает. Претходно прифати уште три, Така се води дебата, така се расправа и така се доаѓа до квалитет. Не се работи на маса, ќе седнеме во некоја кафеана, или во некој кафиќ, или не знам каде и ќе се договориме, или вака, или никако, на сметка на сите други. Што е најлошо, значи договор СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, разбирам што е договор меѓу политички субјекти, но не само што е на штета на другите претставници, туку и на штета и на граѓаните на Република Македонија. Индиректно се упатува една сосема друга порака до граѓаните. Еве, јас ќе ви кажам која. Ако во првата фаза, значи и вие како претставници на Владата го фалевте концептот кој го понудивте, односно го образложивте во кој правец и зошто се прави тоа. Ако тој концепт, значи зборувам за професионализација како една од најголемите одлики на овој закон, ако тој концепт између

првата и втората фаза имавме јавна дебата, го подржаа сите експерти, цела македонска јавност, сите политички субјекти со исклучок на една, па не знам и тогаш дали знаеше да најде маана, меѓутоа скоро 99% општата јавност во Република Македонија го подржа тој концепт. Значи, ако тој концепт доби општа подршка на сите оние дебати, требаше да остане и така до крај. Не остана до крај само заради едно партиско пазарење.

И сега се враќам на она, зошто на крајот се оштетени граѓаните? Затоа што очигледно граѓаните нема да поверуваат дека законот се носи во нивни интерес, туку се носи исклучиво во интерес на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ заради она што го направија со овој текст. Нашата расправа во текот сите овие денови беше да укажеме со аргументи дека добра Влада, или добар закон е оној закон кој што ќе се понуди, кој што ќе се брани, ама и кој ќе има храброст да си остане до крај во истиот концепт кој што го предложил. Значи сега самиот факт што Владата минута до 12 поради некаков си разговор со некого го менува целиот концепт со еден член, за мене е потврда дека Владата или нема концепт, или не знае да опстои на него. А тоа не е добар сигнал. Не сакам да зборувам што се сега може да се случи, затоа што Владата е предлагач и може да поднесе амандман кога сака. Но само тоа би ни потврдило дека очигледно или не се знае да се опстои на концептот, или немаме концепт. Повеќе ќе да е, не можеме да опстоиме на концептот, или паѓаме под некакви си притисоци на некого. И тоа пак не зборува дека имаме стабилна, односно дека имаме добра Влада, затоа што на секој притисок ако попуштаме секому, тогаш каква Влада сме. Ако некој излегува на прес и постојано плаче како некое мало дете и ние ако постојано го смируваме со давање на тоа што бара, ќе нема крај. Еве колеги ве од ДУИ тоа го потврдуваат, тие нон стоп плачат и само им даваме, даваме. Се помирија еве уште за јазикот да не го бараат. Значи крај нема. А ние токму од тоа стравуваме.

Значи, со овој наш амандман не сакаме ништо да направиме на сила, гледате дека едноставно само го бришеме тој амандман кој што го поднесува Владата. Немаме намера ние сега да бараме нешто како ВМРО-Народна партија, туку едноставно да го вратиме стариот концепт на законот кој што верувајте дека доколку постои расположение, или храброст, или не знам што да кажам, од другата страна ќе добиеме едно многу позитивно решение. И ќе бидете повеќе фалени како Влада баш на наша сметка, затоа што наш амандман е избришан, она што е неправилно. Значи, тоа е таа суштинска работа за која што треба да се размисли. Имаме време, ние ќе дебатираме, ќе дискутираме, ќе ви дадеме време да размислите како што ви дадовме досега време да размислите. Но да ви укажеме дека кога се прави закон и кога се прави одреден концепт треба да се опстои на него. Не е добра пракса да ги менуваат преку ноќ своите ставови, затоа што некој онде што мрда со глава ќе рече, овие биле толку лесно попустливи, дајте и ние да притегнеме, зошто се откажавме, дајте и ние да притегнеме, овие многу попуштаат. Па ќе почнат сите пратенички групи да бараат по нешто во законот и не знам што ќе се случи, рашомонијада. И заради тоа овие избори, ако веќе законот е професионализација, ако законот опстоил на тој концепт, ама не за овие парламентарни избори, туку за некои наредни, тој концепт требаше да биде, да бидеме храбри, машки да издржиме од сега да почнеме. Не сега дека некој пак ќе каже, ВМРО-Народна има огромна доверба во јавната администрација, или во државната администрација, или не знам што. Немаме ние којзнае каква доверба. Меѓутоа, на сопствена штета, или на сопствен ризик сакаме да одиме во тој правец за да му докажеме на европскиот фактор дека ние сме спремни еднаш како држава да направиме рез, а не да одлагаме до бескрај, да направиме рез. Дали ќе биде вака подобро, или полошо, тоа нека го цени некој друг.

Значи, ќе оставам време малку и за реплики. Нашиот амандман е тоа не само да се избрише членот 192-а, туку и да се избрише договорот Бучковски и Груевски за кое што први треба вие почитувани колеги од парламентарното мнозинство, прво вие треба да го гласате нашиот амандман. Па каде ви се колегите што го потпишаа заедно со Бучковски предлогот, или договорот за да ваквиот член влезе и прави рашомонијада во овој закон. Цело време тие ве опструираат. Јас не знам како вие трпите? Едноставно сега покажете ми, дека ако се договориле, треба да седат овде, а не сега бараат да се дефинира опозиција. Утре ќе бараат да се дефинира позиција очигледно. Јас прв пат слушам опозиција да бара да се дефинира дека е најголема опозиција. Па добро, некој му пожели да бидат цело време најголема опозиција, или да си останат опозиција, затоа што очигледно барајки нешто да дефинираат, сами си ја затвараат вратата таму каде што не треба. Заради тоа уште еден апел, прифатете го амандманот, ќе се спасите и вие од маки.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Благодарам господине Најдовски, вие и вашата партија како дел од трилатералната коалиција особено ме изненадивте во овие два дена, со тоа што не подржавте два амандмани кои се однесуваат на можноста, носители на јавни функции да се однесуваат коруптивно и тоа во рамките на изборниот процес.

**Слободан Најдовски:** Може ли да ве прекинам една секунда?

**Ѓорѓи Трендафилов:** Не може.

**Слободан Најдовски:** Да ви кажам дека изнесовте погрешен податок. Јас вчера гласав за она што вие го предложивте. Проверете на листата.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас не сум тука да го проверувам листингот како вие гласате. Очекував

јавно тоа да го соопштите. Имате уште една шанса како пратеничка група да излезете и да им сугерирате на вашите двајца коалициони партнери. Мене воопшто не ми е грижа дали ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, или било кој има членови во избирачките одбори, или нема. Мене ме интересира следново, според кој критериум член на избирачкиот одбо род редовите на ДПМНЕ, или на СДСМ ќе биде платен од средствата на Буџетот, а да речеме други учесници во изборниот процес нема да бидат платени, иако ќе бидат овластени претставници. Со други зборови, зошто ЛДП пред се, затоа што имате многу виспрени министри во ликот на господинот кој ја извршува сега функцијата минситер за труд и социјална политика и во Министерството за одбрана, јавно не излезете и не предложите и да го браните тој став, дека членовите на избирачките органи, членовите на избирачките одбори од редовите на политичките партии нема за тоа да примаат надомест, надомест ќе примаат само членовите на избирачките одбори од редовите на државната администрација согласно Законот за државни службеници и дузина подзаконски прописи кои ја третираат таа материја. Затоа што навистина е глупаво предлагачот на законот еден глас да го третира бенифицирано, би рекол, додека други учесници во изборниот процес кои неоспорно е, дали се политички партии, дали некаква листа на граѓани ќе се натпреварува во рамките на само една изборна единица и тие бездруго ќе сакаат да имаат некаква контрола во рамките на изборните органи и секако ќе имаат делегирано овластени набљудувачи во избирачките одбори. Тие сите други ќе бидат во некаква, незнам, состојба на плебс, додека членовите кои доаѓаат од ДПМНЕ и од СДСМ ќе бидат во некаква ситуација на патриции, па тие дури и ќе добиваат надомест. А да ве потсетам, по завршување на изборите пак сите учесници во изборниот процес согласно гласовите кои се освоени на тие избори добиваат надомест од Буџетот на Република Македонија. Исто така ЛДП беше двигател на тој процес овде во Собранието како што бевте вие господине лично Најдовски двигател на процесот за донесување на Декларацијата за борба против корупцијата. Значи, многу елегантно ќе се надмине и ова цело надмудрување во некој тип на колонијален статус ДПМНЕ барал господарот да биде,не знам, признат како меѓународен фактор. Па признајте го ако сакате дека е најголема опозициона партија на светот, тоа мене воопшто нема да ме тангира. Но, навистина ви обрнувам внимание дека односот, значи претставници на одредена политичка партија или група избирачи нема да бидат платени од Буџетот на Република Македонија додека вие имате една ситуација на повластени членови, значи во случајов две политички, или три политички партии чии овластени претставници кои номинално ја имаат улогата член на избирачкиот одбор, тој за тоа ќе добие надомест. Кое е рационалното објаснување Слободан Најдовски да биде, да речеме, платен затоа што е член на избирачкиот одбор, или затоа што доаѓа од ЛДП, или од СДСМ, а да речеме некој кој доаѓа можеби од Земјоделско-народната партија, или група на независни бирачи, тој нема да биде платен, иако како граѓанин тој секако партиципира преку јавните давачки во Буџетот на Република Македонија. Дали ова ви се чини логично, дека некој ќе биде платен, затоа што членува во таа и таа партија. Нели, по принципот на политичката филозофија на златното време на Гилас, Сојузот на комунистите и Социјалистичкиот сојуз се единствените во плурализмот на едноумието. Значи, таа улога сега ја има најголемата условно речено опозициона партија и СДСМ како моторна сила на извршната власт во моментов. Дали постои политичка, ова не е ни храброст, ова е толку нормално и толку логички дека вие, ајде, во разни квоти веќе ги делиме одамна граѓаните во Република Македонија. Но, сега вие давате легитимитет дека членувањето во СДСМ, или во ВМРО-ДПМНЕ и не знам, некој што ќе седи од 7 часот до 19 часот со три мали паузи и бесплатен сенвич и можеби ако е доволно мирен, или буден, ќе добие и безалкохолен пијалок, тој треба да биде платен. Неговиот сограѓанин кој во името на независна група на граѓани, или на друга политичка партија, без оглед дали станува збор, затоа што некој можеби ќе излезе на овие избори и ќе се обраќа само на една изборна единица, само на една социјална категорија, само на една целна група, е сега тој нема да биде платен, а двајцата како лојални граѓани на Република Македонија партиципираат во Буџетот. И за сметка на тоа пак после изборите согласно она што го правеше ЛДП во поглед на контролата на финансирањето на политичките партии пак ќе добијат уште еднаш надомест.

Дали се согласувате со ова што го зборува и дали, бидејќи и вие сте дел од власта имате политичка доблест да кажете согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, кој многу пати е прекршуван, дури и во парламентарнава дебата на оваа тема, дека граѓаните навистина се еднакви, без оглед дали доаѓаат од редовите на ВМР-Народна, на ДПМНЕ, на СДСМ, на ДПА, на ДУИ или на било која политичка партија, претставува група на независни граѓани. Сите тие се еднакви, со тоа што неможете да ги издвоите едниот да биде платен за тие часови додека учествува како набљудувач во изборниот процес, а другиот нема да биде платен, затоа што исто така учествува во изборниот процес. Бидејќи, ние немаме можност да интервенираме амандмански, доколку вие интервенирате како парламентарно владино мнозинство, многу од проблемите и многу од овие надмудрувања кои што се случуваат во овие неколку денови, веќе ќе станат бесмислени да се расправаат. Вниманието и на пратениците и на јавноста ќе остане само кон изборниот процес. Со само една интервенција, членовите кои доаѓаат од редовите на политичките партии, членовите на избирачките одбори од политичките партии нема да примаат

надомест. Затоа што, партијата пак која ги делегира, по завршувањето на изборите ќе добие финансиски надомест од Буџетот на Република Македонија согласно гласовите што ќе ги освои. Бидејќи има десетина минути до завршувањето на седницата, можеби нема да успеете да одговорите до крајот на денешнава расправа, бездруго...

Повелете господине Јордановски.

**Љупчо Јордановски:** Погледнете го ова овде и што значи ова?

**Ѓорѓи Трендафилов:** На пример?

**Љупчо Јордановски:** Како може мува да влезе во ова Собрание, се е затворено.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски, јас знам дека користејќи ги капацитетите на извршната власт, вие навистина понекогаш како кога беше законот за територијална организација се трудите мува да не влезе во зградата, но овој пат сте некако неодговорен, можеби приврзаник на опозицијата или било што, се надевам вие прв тука прв ќе ме поддржите дека членовите на партиите делегирани во избирачките одбори нема да примаат финансиски надомест. Доколку избирачот, предлагачот дали е партија или група на граѓани реши да ги плати, тоа е нивни проблем. Но, не можете да ги делите граѓаните едни да бидат платени, други да бидат неплатени, иако сите партиципираат преку јавните давачки во Буџетот на Република Македонија. Уште девет минути доколку не успеете да одговорите, еве имате време да размислите и утре можете многу едноставно со една амандманска интервенција да разрешите многу дилеми. Кај вас е парламентарното мнозинство, вие ја имате можноста преку вашите министри во Владата да интервенирате амандмански и веќе да ја завршиме расправава и да одиме во јули на избори. Колку што знам јавно, полујавно или полугласно повеќето претседатели на политички партии се залагаат изборите да бидат што побрзо. Тогаш, да направиме што побрзо, направете го ова како прв чекор, а вие се грижите за длабочината на џебот на ДПМНЕ. Добро, и тоа е некаков став.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов. Знаете, историјата некој ја дефинира како причинско последични врски, некој ја дефинира како случајни, една мјва може да биде многу битна за ова што го разговараме сега.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски, ако нешто учиме од историјата тоа е следново. Мудрите ја следат, а таа пак сирота е принудена будалите да ги влече по себе.

**Љупчо Јордановски:** Јас акламативно се ставам во тие што ја следат, а не знам за вас. Јас ја следам историјата.

Господине Голомеев, повелете имате реплика.

**Благој Голомеев:** Благодарам господине претседателе.

Му благодарам на колегата Трендафилов на вниманието што ни го посвети во ова негово обраќање и не беше прв пат. Меѓутоа, денес тој разви една теза која според мене не пие вода. Во комисиите нема да се плаќаат луѓето поради тоа што припаѓаат на одредена политичка партија, оние што ќе бидат делегирани од страна на позицијата и опозицијата, туку заради тоа што ќе вршат одредена работа, одредена функција тој ден во рамките на избирачкиот одбор. Но, мене не ми е јасно како тоа полесно да комуницираат со позицијата, отколку со опозицијата иако се опозициона партија и мислам дека сите овие фрустрации можат многу полесно да се разрешат во одреден дијалог со другите опзициони чинители во овој Парламент. Инаку, договорот или прифаќањето на она за еден член од опозицијата и еден член од позицијата да бидат членови на избирачкиот одбор е само во насока на добра желба и волја на владеачкото мнозинство, да создаде предуслови навистина за фер и демократски избори односно да оцени што е можно поголем консензус околу тоа да имаме правила на игра, кои сите релевантни чинители ќе ги почитуваме. Сигурно дека значењето на добри, фер и коректни избори по европски нишани е приоритет над приоритетите и ги надминува теснопартиските интереси.

Што се однесува до ЛДП и нејзината определба за борба против корупцијата доволно зборуваат сите иницијативи што од наша страна беа преземени, поттикнати како законски решенија, како Закон за финансирање на партии, реформите во судството итн., тоа е сосема добро познато и мислам дека нема простор за ЛДП да се повикува за прифаќањето или неприфаќањето на определени амандмани од страна на ВМРО-Народна. Впрочем, првиот амандман вчера на кој алудираа дека со него треба да се скрати просторот за манипулации и за коруктивно однесување, голем дел скоро најглем дел од пратениците на ЛДП и го поддржаа и тоа не мораше јавно да го кажеме. Меѓутоа, вториот амандман беше веќе во сосема друга крајност што се однесуваше за јавните претпријатија им ислам дека навистина со тоа се врзуваат рацете, односно на функционирањето на јавните претпријатија или на претпријатијата од јавниот сектор, навистина немаше смисла, ниту простор, ниту место да биде прифатен. Впрочем, ние или ќе се залагаме да обезбедиме јавен сектор со професионализам, со отчетност, со отворено работење или ние ќе сакаме преку закон да отсликаме една состојба која можеби се случува, меѓутоа не треба да биде реалност за Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута реплика господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Можеби не сфатив добро, но вие ми сугерурате дека во Владата има министри од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Ова сега прв пат го слушнав и би сакал да ми ги соопштите имињата на тие министри.

Второ, зборувам за нешто многу конкретно. Членови кои што претставуваат политичка волја на група граѓани или на политичка партија нема да бидат платени од Буџетот на Република Македонија, а ќе бидат платени оние претставници на политички партии кои доаѓаат од редовите на трилатералната коалиција и на ВМРО-ДПМНЕ по што, да речеме, илјада денари заслужува Благој Голомеев да прими, а не заслучува некој кој доаѓа од друга политичка партија. Тоа е мојата дилема. Вие имате министри во Владата, па затоа ви се обратив вас, затоа што и самите кажавте подзаконски акти, реформи во судството и сите тие работи и вие можете преку вашите министри да извршите притисок и овде да има амандман дека ДИК согласно член тој и тој нема да плаќа никаков финансиски надоместок.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов, заврши вашата реплика.

Реплика од три минути има госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитуван колега Трендафилов, навистина ми импонира на каков начин ги следите иницијативите и сите предлози кои што доаѓаат од ЛДП во овој изминат мандат на овој пратенички состав, иако кога беше на дневен ред Декларацијата за борба против корупцијата токму на пратеничката група на ЛДП, вашата пратеничка група не ја поддржа таа Декларација. Тогаш тврдевте дека таа Декларација ја донел обичен политички памфлет, а вашите денешни дискусии покажуваат дека не е политички памфлет, туку искрена политичка манифестација на политичката волја за решеноста во борбата против корупцијата.

Кога ЛДП ги предлагаше и реформите во судството, кога многумина се смееја, таа идеја се покажа многу потребна на Република Македонија и потоа ги правевме уставните амандмани, токму заради реформите во судството и владеењето на правото во Република Македонија. Значи, ЛДП, пратениците од ЛДП гледаат многу чекори нанапред. Кога доаѓаше на дневен ред изборниот законик и реформите, ЛДП јасно ги кажа своите ставови во делот на избирачките одбори и еден дел кој што никој тогаш не го дискутираше, тоа беше финансирањето на изборните кампањи. Дека парите треба да бидат чисти, парите треба да бидат јасни, парите треба да бидат регистрирани во политичките партии. Исто така, зконот за финансирање на политичките партии во кој што водењето на сметководството на политичките партии, чистите пари во политичките партии беа дочекани на нож во јавноста и дека пратениците бараа повеќе пари од Буџетот, што воопшто не беше точно.Интенцијата на пратеничката група и на ЛДП е чисти пари во политичките партии во изборните кампањи. На тој начин навистина ќе имаме искрена желба за борба против корупцијата и ќе имаме намалување на корупцијата во политичките партии. А, во другите сфери знаеме со кои законски решенија корупцијата ќе се намали и злоупотребата пак на државните пари. Затоа, еве благодарам што ја препознавте таа искрена и навистина многу важна иницијатива во овие сфери кои што ги спомнав во мојата реплика.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Трендафилов, имате една минута реплика.

**Ѓорѓи Трендафилов:** И, како што почитуваната колешка Лилјана Ивановска, така една славна биографија на активностите во поглед на борба против корупцијата ги опиша во овие четири од ЛДП, сега во самиот финиш на мандатот за илјада денари сте во состојба да ми ги извадите очите. Излезете и кажете членовите на владеачката коалиција кои ќе бидат членови на избирачките одбори нема да добиваат финансиски надомест, затоа што тоа не е во согласност со Уставот и со основните етички норми. Едни претставници на политички партии да бидат платени од Буџетот, други претставници на политички партии нема да бидат платени од Буџетот. И, ќе ја крунисате бравурозна кариера за која и вие зборувате.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Сега е 18,01 часот, така што го прекршив моето правило за една минута, но за добробит на, како што сите се повикуваме, на Македонија тоа го дозволив.

Утре во 11,00 часот продолжуваме.

(Седницата прекина со работа во 18,01 часот).